# ЗАПИСИТЕ ЗА ЏОЗЕФИНА



Наталија Наумовска

Copyright © Наталија Наумовска, Скопје, 2025

Уредник:

Наталија Наумовска

Издавач:

Наталија Наумовска

Место и година на издавање:

Скопје, 2025

# ЗАПИСИТЕ ЗА ЏОЗЕФИНА

НАТАЛИЈА НАУМОВСКА

Скопје, 2025

## „Записите за Џозефина“ (1)

Сомнежот присутен секоја ноќ не ѝ
даваше мир,
а нејзината мисла имаше огромна моќ која често пати
ја оставаше будна до раните зори. Немирот како да
беше вдахнат во неа па со секоја издишка ѝ
станувaше потешко, но таа не се предаваше, го
предизвика на двобој за конечно да си го врати
својот спокој.
Можеш ти да се справиш ѝ шепкаше внатрешниот глас,  а
таа како да ја бараше последната сламка спас. Мудра
девојка беше Џозефина ,  со ледено срце и скршена
насмевка или ледена насмевка и скршено срце, борец кој
не ја предава битката толку лесно. Како дете искрена, со
скапа искреност со одмерение кога да ја премолчи
вистината, со топла душа и детска невиност, со бистри
мисли и потиснати емоции. Спомените ѝ ги исполнуваа
нејзините мисли не сакаше да живее од нив, сакаше да
прави нови, некои поубави,  а некои како тие исти.
Умешно се справуваше со секој предизвик

зборовите беа нејзино најсилно оружје,
секогаш го викаше разумот на повик, а тој никогаш не ја изневери.
Имаше чудна енергија која пленеше насекаде кај и да поминеше беше забележана погледи од секој знаеше да украде и нејзината добрина беше во срцата на другите врежана.

## „Записите за Џозефина" (2)

Утрото осамна. Таа поспана. Му се радуваше на секој зрак што продираше низ полузатемнетиот прозорец.
Претходната вечер долго размислуваше. Низ главата ѝ помина речиси цел живот како на лента.
Ги редеше спомените како фотографии во нејзините мисли.
Можеше да го наслуша чукањето на сопственото срце,
а посакуваше до неа да има уште едно и срцата да им чукаат во заеднички ритам.
Жедна за радост, гладна за љубов пекол и рај

истовремено беше Џозефина. Ќе се задлабочеше и ќе отпатуваше

со своите мисли на егзотични дестинации на потопли места од кај што се наоѓаше. Во нејзиниот свет ѝ беше најубаво а за да влезеш таму требаше да имаш посебна карта. Не му дозволуваше на секому да биде дел од него, од нејзиното прибежиште
скривниште и засолниште каде беше потполно своја, единствена, среќна и комплетна.
Многумина се трудеа, се обидуваа, дури и молеа, но таа својата тврдина не ја отвараше за секого, ја чуваше како лавица своето лавче, како детето својата играчка, ја штитеше својата територија егоистично недозволувајќи секој да биде дел од неа.
Не беше скржава, ниту алчна ниту себична, не сакаше туѓо, а своето го бранеше.
Скромна и тивка истовремено најгласна.
Можеби не кажуваше многу, но нејзината тишина беше најгласна бука, нејзината тишина можеше или да те здоболи или да те усреќи, две во едно – Џозефина. Можеби не беше најбогата,

но нејзината душа беше полна со добрина од која можеше да се стоплиш само ако ти дозволи, или да се изгориш, ако ја повредиш – Џозефина.

Можеби не беше најубава,
но нејзината привлечност пленеше и оставаше без текст затоа што не можеше да се опише таква ретксот – Џозефина. Можеби не беше најпаметна, но нејзините мудри зборови не оставаа никого рамнодушен
допираше длабко и тераше на размислување – Џозефина.
Можеби не беше најсилна, но нејзината цврстина и стабилност можеа да поместат планина ако посакаше можеше да направи и небото да се смее, но и да плаче – Џозефина

## „Записите за Џозефина" (3)

Кога Џозефина се роди небото истураше огромни капки дожд, и тоа плачеше заедно со неа, како да сакаше да учествува во нејзиното раѓање. Ангелите се молеа за нејзината среќа, а мајка ѝ плачеше од радост, неможејќи да ги сокрие емоциите плачеа двете и небото заедно со нив. Добредојде во

реалноста, добредојде и во ништожноста, но и во севкупноста,

барај ја твојата цел. „Не сакам да страда, не сакам да знае за зло‟, беа првите мисли на мајка ѝ, а таа како да ги разбра уште тогаш. Храбро се бореше против секое зло, а секој пораз кој ја тераше на страдање го прифаќаше достоинствено и гордо, им се смееше на проблемите, ги предизвикуваше, ги одмеруваше и анализираше, едноставно ги решаваше. Благословот кој го доби се исполнуваше секој ден,
трудејќи се да не ги разочара најблиските даваше сѐ од себе во сѐ што правеше.

Тоа беше Џозефина.
Храбра.
Доследна.
Чесна и искрена.
Немаше нешто кое можеше да ја натера да се откаже од соништата, го следеше своето срце,
кое го натера да направи договор со разумот и продолжуваше понатаму.

Сѐ што се обидуваше да ја повлече надолу мудро го избегнуваше и му се спротивставуваше, додека цврсто газеше по земјата. Кога нејзините чекори ја допираа земјата, правеше и земјата да се движи со неа, ги спојуваше небото и земјата во нејзиниот поглед тие таму се бакнуваа или играа танго додека таа беше единствен сведок. Џозефина девојка посакувана , девојката со заразна насмевка, девојката што зрачеше со топлина, која или можеше да те стопли или изгори, девојката што беше истовремено и топла и ладна девојката што беше и оган и вода, која можеше да те натера да се заљубиш во неа само со еден поглед.

## „Записите за Џозефина" (4)

Сончевите зраци се прекршуваа во нејзините очи додека со погледот ја милуваше пеперутката која ѝ беше единствен придружник. Ѝ се восхитуваше неизмерно многу,
се прашуваше како тој инсект може слободно да лета и одеднаш во нечија дланка да слета.

Посакуваше да биде полетна како шарената пеперутка, секаде да оди кога ќе посака и да рече в час: „слободна сум и лесна како пердув јас". Ја зеде на нејзината дланка и помисли летај пеперутке ти во тој небесен шир и на сите мои сакани донеси им мир!

Девојка која ја сакаше слободата повеќе од сè, која високо ја вреднуваше искреноста, а на лагата не ѝ оставаше простор девојка со скапа искреност и огромни идеали!

Девојка која никогаш не беше осамена, дури ни кога беше потполно сама, одлично се забавуваше со своите мисли, не можеше да посака подобар придружник од самата себе – Џозефина!

Совршено-несовршена, со сите маани кои ја правеа целосна и комплетна, со сите вредности и доблести кои ја красеа, ја правеа да биде тоа што беше – Џозефина!

Тоа што беше, а не тоа што требаше да биде, таа беше тоа што треба во секој минат и иден миг таа стануваше

потреба, гордост, радост и мотив секогаш се претвораше во она што треба во совршен момент.

Тоа што беше, а не тоа што требаше да биде, таа беше причината поради која многумина остануваа неми,

причина поради која беа скршени многу срца, причина поради која многумина остануваа без сон.

Џозефина, битие со душа како море, во еден момент можеше да напрви бран  и да создаде бура од емоции како осека, додека во друг се повлекуваше и беше мирна како плима.

Џозефина, битие со лице како огледало, кога ќе ја погледнеш во очи како да се гледаш себе, како да можеш да го прочиташ целиот твој жиот во нејзиниот поглед, само ако ти дозволеше.

Џозефина, битие кое плени и воодушевува, истворемено како ден и ноќ можеше да биде таа, некогаш мека како памук, а некогаш цврста како карпа.
Џозефина, сон на секоја младост, спомен
на секоја старост, желба за секое годишно
време, храна од која сакаш да се
насладуваш, вино од кое сакаш да пиеш.

Едноставна и исто толку комплицирана,
нежна, а исто толку и дрска, плашлива, но дупло похрабра,

слаба, но десет пати посилна, една и единствена – Џозефина

## „Записите за Џозефина" (5)

Утрото дојде и на нејзиниот прозор со капки дожд како предвесник на тагата, како дождот од солзи да не беше доволен па мораше да го гледа и него како паѓа. Колку што ги сакаше и есента и зимата, исто толку го мразеше врнежливото време, кое ја тераше да мисли на него, кое ѝ покажуваше колку и фали прегратка кое ја правеше тажна и меланхолична кое ѝ ја мокреше косата, а таа заборави да земе чадор. Секоја есен си замислуваше по една желба, се надеваше дека со секој паднат лист желбата беше поблиску до остварувањето, а кога есента ќе заврши дека желбата ќе ѝ се исполни. Го сакаше мирисот на старите липи, на печените костени кои ја ширеа миризбата низ улиците,
на мирисот на природата после дождот, дури и во дождливите црви гледаше нешто убаво се радуваше што

природата дарила и такви животни. Топло чајче, книга во рака и меко ќебенце беа совршена комбинација за неа,

потсетувајќи ја дека есента е дојдена, а
таа спремна за нова желба. Ах, таа
Џозефина
која може да се смее, а одвнатре да плаче, која може да плаче и кога е радосна, која може да се смее и кога душата ѝ умира, која може да направи да се чувствуваш посебно покрај неа,
која може со допир да те скрши, а со
поглед да те остави без зборови. Ах, таа
Џозефина
која може да те сака иако не те познава доволно,
која не можеш, а да не ја сакаш, која ќе направи да мислиш на неа деноноќно, која мисли на тебе секогаш пред да заспие, а ти ја чуваш во срцето. Ах,
таа Џозефина
која има посебно место во твојот живот, која се појавува секогаш неочекувано, која знае да замине исто како што дошла, која може да те вивне во облаците, а може и да те спушти на земја со еден збор. Ах, таа Џозефина,

која умее да допре до тебе многу лесно, која не знае за „не можам‟, која прави да се чувствуваш возвишено, која ќе те чека секогаш на исто место, иако ти си некаде многу далеку.

## „Записите за Џозефина‟ (6)

Мрак.
Потполна тишина.
Избледени чувства.
Јасни сеќавања.
Темни прозори, а светлост во душата.
Светли ѕвезди, а црна ноќ. Само ѕвездите беа сведоци на сите ноќни разделби и спојувања помеѓу две души, само тие ја гледаа среќата и ја мразеа тагата, гледајќи ја преку воздишките на скршените срца и солзите на едно рането битие. Само ѕвездите таа ноќ знаеја за болката на Џозефина, за нејзината тага која ја скрши на парчиња, како чаша што се крши на делови неможејќи повторно да се состави.

Од таа вечер, ништо не беше исто. Џозефина беше иста, а сосема друга, беше цела, но скршена,

беше друга, а сепак исто толку своја. Ништо не је ништеше оваа девојка, која можеше да ја поднесе тагата како да е тој единствениот начин кој ќе ја направи да се помири со неа и да продолжи понатаму. Ништо не ја ништеше оваа девојка, која покрај многуте неправди правеше светот да ѝ изгледа прекрасно место за живеење, каде што можеше да танцува со ѕвездите и да блеска заедно со сонцето како најтопол поздрав пратен од небото. Ништо не ја ништеше оваа девојка која беше посилна од тоа што мислеше дека е, која можеше да биде среќна без причина, чија насмевка беше најубавиот подарок кому можеше некому да го дарува. Џозефина излезе на балконот, ги поздрави ѕвездите затоа што тие беа единствените нејзини сведоци на тагата која ја чувствуваше таа ноќ. Тогаш една ѕвезда падна, а таа бришејќи си ги солзите замисли една желба  и посака да ѝ се оствари.

## „Записите за Џозефина" (7)

Речете ѝ дека е крадец!
Таа безмилосна крадливка на машки погледи и
крадец на срца кои патеа по неа!
Ништо не допираше до неа. Односно
изгледаше дека е така, а всушност ја
допираше  повеќе отколку што можеше да се
замисли.
Речете ѝ дека е учителка! Затоа што ме
научи дека  сѐ уште постојат реткости
дека убавината е таа која привлекува, но
карактерот е оној поради кој  ја
задржуваме личноста покрај себе, или ја
отфрламе сеедно.
Речете ѝ дека е апстракција! Затоа
што ме фасцинира  секојпат кога ќе
ја видам предизвикувајќи емоции кај
мене  кои не можам да си ги
објаснам.
Речете ѝ дека е сонце!

Затоа што секојпат кога ќе ми се насмевне мене ми огрева во душава и ми доаѓа огромна топлина чиниш како да сум го голтнал целиот сончев систем.
Речете ѝ дека е скулптура,
која ја обликувал невешт сликар правејќи ги сите нејзини делови несовршени, а сепак толку складни! Речете ѝ дека е музика за која би напишал стихови која би сакал да ја слушам доживотно дури и кога ќе бидам стар и збрчкан би ја слушал денонокно сè додека не умрам.
Речете ѝ дека е вино од кое би сакал да пијам додека не се опијам, а таа со времето како виното стануваше сè поубава и поубава! Речете ѝ дека е единствена која може да ме оживее и само ради неа би умрел додека полека умирам кога не е до мене! Речете ѝ дека е ничија затоа што дури и кога ја има некој друг, а таа ме нема мене исто како да е ничија, затоа што само во моја прегратка ќе биде наречена „моја". Речете ѝ дека е мост каде што се поврзуваат нашите патишта, а таа не може да премине на ниедна страна, па останува на средина.

Речете ѝ дека е облак кој секогаш ми носи дожд кога помислувам на неа, а не е до мене, кој секогаш го брка сонцето кое таа го прави со насмевката, кој секогаш ми најавува ноќ, а ноќта без неа е само страдање. Речете ѝ дека е приспивна песна затоа што секогаш кога ќе склопам очи таа ми се појавува како жива слика терајќи ме да ја избркам од мислите за да можам да потонам во сон, а таа постојано ми се појавува! Речете ѝ дека е желба замислена, неисполнета, недостижна која ако ми се оствари нема да остане ништо повеќе за посакување.

## „Записите за Џозефина“ (8)

Времето си одминуваше.
Како да работеше против неа.
Часовите и минутите изминуваа толку брзо
чиниш еден час е цела секунда. Секогаш беше
во трка со времето
иако беше сигурна дека тоа не постои навистина, само некому му текнало да го мери. Понекогаш посакуваше да го

запре или барем некои мигови да ги врати назад, ама знаеше дека тоа е невозможно.

Иако така, неа ништо не ја спречуваше да ужива во секоја секунда, секој минут секаде и секогаш. Така додека се возеше во автобусот под изгаснатите светла и присуството на другите не значеше ништо, одлично се забавуваше со своите мисли. За момент некој детски плач ќе ѝ го одвлечеше вниманието, па повторно се задлабочуваше гледајќи низ прозорецот патуваше и физчки, но и со своите мисли. Многу им се радуваше на патувањата иако ја исцрпуваа, но најмногу од сѐ уживаше во патот кон дома.

Кај и да одеше,

Џозефина секогаш дома се враќаше.

## „Записите за Џозефина" (9)

Се разбуди сред ноќ од тешкиот кошмар кој толку силно ја исплаши што таа посака да имаше некој до неа што ќе ја заштити. Емотивна и емпатична, не сакаше другите

да страдаат, а нејзините солзи
кога беше тажна не можеше да
ги запре, просто течеа како
река. Не плачеше секогаш, но
кога ќе ѝ надојдеа солзите тоа
значеше дека долго време
била силна и дошло време да
си ја испразни душата, но
знаеше да ги задржи и да не
покаже слабост пред секого.

Силна девојка со јасно поставени цели, спремна да чекори по патеките кои животот ѝ ги сервира или кои сама си ги одбира, сеедно. Спремна за компромис и лесно прилагодлива помирена со минатото, постоеше и уживаше во сегашноста со планови и оптимистичен поглед кон иднината. Имаше сè, но кога го немаше него како да немаше ништо. Многумина ја посакуваа, а во нејзините мисли беше само еден. Сигурно им беше во мислите на повеќемина, но таа со сигурност не знаеше кому е врежана во срцето, а силно сакаше да дознае, па стрпливо чекаше.

Знаеше дека тој ќе се појави и дека ќе ѝ
внесе ведрина во животот.
Беше прашање на време кога повторно ќе се роди, ќе се
почувствува жива и со уште поголема енергија од онаа
што ја имаше, се надеваше дека тој е во близина
и дека има планови кои нема да останат само празни
ветувања
туку дека ќе ги претвори во јаве и нема да
го чека вистинскиот момент затоа што
секогаш е вистински момент
признавањето дека некому значиш и дека
некој ти значи.

## „Записите за Џозефина" (10)

Знаше дека сѐ поминува,  а само
спомените остануваа како живи
сведоци на нешто што некогаш било
и нема да биде повеќе. Светлост
единствена во најтемниот мрак, од
нејзините очи блескаше зрак. Беше
неостварен копнеж љубовен јадеж,
најголема животна надеж.

Мистериозно привлечна, неодоливо магична, нескрмно фантастична една Џозефина за младоста носталгична. Ниедна рима не може да ја опише до крај во неа беше собран сиот земски сјај.

## „Записите за Џозефина" (11)

Беше ретка птица во цело јато посјајна и од најскапото злато. Беше најубав и најредок цвет во неговата прегратка беше сиот нејзин свет. Беше пеперутка шарена и смела со него се чувствуваше цела. Беше ѕвезда во ноќите што сјаеше само таа да го насмее знаеше. Џозефина беше причина за нечија среќа, причина за непроспиени ноќи затоа што спиеше во неговите мисли. Како да ѝ беше убаво таму да престојува беше чест гостин во неговата фантазија, но не смееше таму да остане, сакаше да се разбуди од мечтите и да му биде исполнета реалност.
Како да сакаше да викне на цел глас:
„не сакам да патам повеќе јас!"
Есента ѝ го обои секојдневието, како
сликар кој црта на платно и ја бои

својата слика страсно „ми недостигаш“
рече гласно. Тогаш тој се доближи до
неа и тивко ѝ шепна: „ти си мојата
есен,
а јас ќе бидам твоја ѕвезда во сите годишни времиња за
да те посматрам кога спиеш и да те чувам во ноќите.“
„Тогаш јас ќе бидам небо,
за да можеме секогаш да бидеме заедно“, рече
Џозефина и му се фрли во прегратка.

## „Записите за Џозефина“ (12)

Беше предизвик да ја сакаш, а неопислива
среќа и гордост да ја имаш покрај себе. Ќе
тргнеш да ја освојуваш, а таа веќе пуштила
корени во твоето срце. Само што ќе те
погледне
ќе го врежиш тој поглед засекогаш длабоко во себе,
посакувајќи тие очи цел живот да те гледаат. Крајно
посветено игра на музиката наречена живот, секоја
нота ја обработува посебно свирејќи песни од
длабочината на нејзината душа, а инструментите ги
одбираше внимателно и мудро.

Сакаше таа да биде композитор  и
диригент на својата музика каде
што ќе се свират песни со
најдлабоки текстови и
најромантични ноти.

## „Записите за Џозефина" (13)

Есента пристигна  и во нејзината улица. Забележа како еден лист се откина од гранката и засекогаш се збогува со дрвото. Тогаш помисли  како ли му е на тој силен корен кога ги гледа гранките како се разделуваат од своите лисја. Еден лист ѝ падна во коса, па додека несмасно се обидуваше да го тргне, погледот и остана заробен во едни очи, небаре се беше маѓепсала. Тоа беа очите по кои трагаше, кои сакаше да ја гледаат засекогаш! Знаеше дека не бара многу, само да ги види истите пак затоа што срцето и даваше знак

дека е време да се разбуди од тој мрак и
повторно да се заљуби со интензитет јак!

„Записите за Џозефина" (14)

Изглед на дама не сакаш да ја гледаш сама, љубоморните правеа да ја бие лош глас, знаеше да рече: „нека озборуваат, сигурно повеќе од нив вредам јас"! Најубав цвет во Мај,
во нејзината прегратка беше мојот рај, најшарен лист во секоја есен, со неа ниеден ќош не ми беше тесен. Морски пејзаж и небесна шир, нејзиниот поглед не ми дава мир. Нека биде моја, не било која, туку Џозефина најубава боја, која ми ги бои дните, ми ги лечи раните, ме прави жив и ведар, таа е мојот најскапоцен дар. Не барам ништо друго, само да одговори на мојот знак, да го тргне од очиве овој мрак, да ме гали со поглед како најтопол зрак, да ја разбудам во мене љубовта пак! Џозефина девојка фина и кога покрај мене помина, вулкан од емоции таа разубди, ох, колку посакувам покрај мене да се буди. Не барам ништо друго, само еден поглед да врати, за

ниеден од нас да не пати, чекорот мој
секаде сака да ја прати и мојата дланка со
нејзината да се фати. Крај на мојата среќа
ќе нема тогаш, ќе ја чувам засекогаш!
Единствена и своја штом еднаш стане моја,
ќе се облече во прегратка која како што не
била до сега прегрната никоја. Мој редок
цвет,
кому го поклонувам целиот мој свет,
нека цвета покрај мене секогаш, да не
овене никогаш!

## „Записите за Џозефина" (15)

Имаше восхитувачка убавина, небаре сите убавини во неа се збрале, чиниш ја цртал највешт сликар и најталентираниот уметник не може да ја опише нејзината боженственост. Со поглед обараше, со насмев те возвивнуваше, ах, Џозефина со самото присуство освојуваше! Посебна,

уникатна и своја ми го обои животот во најубава боја. Моја ретка птица бела само со мене ќе бидеш цела! Моја светла точка во најтемниот мрак посјајна од најсветлиот зрак. Желба за секоја младост, спомен за секоја старост. Причина за родителска гордост, доказ за земска убавост, причина за восхитеност, доказ за совршена-несовршеност!

## „Записите за Џозефина‟ (16)

Џозефина не беше ни девојче, а не беше ни жена, туку нешто помеѓу. Милуваше да се нарече девојка која се пронаоѓа себе си и сака да си го најде местото под небото.

Веруваше во себе.

Нејзината насмевка беше милување на душата, скокоткање на емоциите и пловење во длабочините на заспаната среќа. Не сака да ја пропушти единствената шанса која секој ја добива само еднаш!

Сакаше таа да биде сликарот кој самиот си го моделира и обојува скапоцениот живот, сакаше да има целосна контрола над своите емоции, но знаеше и да ги пушти конците од нејзините раце и да рече:

„што биде нека биде", додека силно веруваше дека она што требало да биде, ќе биде во секој случај порано или подоцна.

„Записите за Џозефина" (17)

Џозефина ги обожаваше патувањата, посебно оние долги ноќни кога можеше да ги набљудува ѕвездите и да размислува на најразлични теми, всушност тогаш ѝ се раѓаа најдобрите идеи и одлуки. Предизвик кој го доби без да сака, подарок за кој требаше да биде благодарна, шанса која ѝ беше дадена еднаш – нејзиниот живот. Беше одлучна повеќе од кога било дека сака да биде среќна, но знаеше дека единствено од нејзе зависеше нејзиното чувство за една хармонија

и благосостојбата на сопствената душа. Го прифати предизвикот, беше благодарна и реши да ја зграпчи единствената и неповторлива шанса недозволувајќи никој да ја спречи во намерата и да ѝ го попречи патот.

Одлучна. Храбра. Самоуверена и

своја, тоа беше Џозефина, не било

која

## „Записите за Џозефина“ (18)

Доцна во ноќта кога би требало сите да спијат една светилка остануваше запалена долго, а тоа беше собата на Џозефина која не можеше да заспие. Не ја мачеше совеста, не патеше од несоница, а сепак сонот ја изневеруваше и кога сакаше да склопи очи

секогаш имаше нешто недопишано коешто сакаше да го напише за да не го заборави. Колку што ги сакаше ноќите исто толку сакаше кога денот ќе го започне рано исполнувајќи ги сите обврски. Светилката

светеше и оваа ноќ, но не само во нејзината

соба, туку и во собите на оние кои вредно

учеа за престојниот испит или тест седно,

светеше и во собите на оние кои не можеа да

заспијат затоа што ги мачеа љубовни болки,

а болките секогаш им ги предизвикуваа

лицата коишто ги сакаа, а ги повредија.

Светилката светеше и оваа ноќ, не само во

нејзината соба

туку и во собите на оние кои

сакаа будно да сонуваат чија

девиза беше:

„од спиење, не се исполнуваат соништа"!

Џозефина знаеше дека добар сон му е потребен

секому, но пак реши дека ќе ја чува ноќта од

будните, дека темнината несомнено се потврдува

како нејзин најдобар пријател, како сојузник во доцните часови, како вечна инспирација, како заштитник и патоказ, како сведок на сите солзи и чувар на сите тајни.

Доволно беше само да ги погледне тие трепкави украси на небото за да си замисли желба и да посака да ги гледа заедно со личноста која ќе ја прави ноќта бессона, ама вредна за паметење!

## „Записите за Џозефина‟ (19)

Таа крадчка на сон, постојан гостин во неговите мисли, беше полна со позитивна енергија. Џозефина беше и пекол и рај и ден и ноќ, две во едно без неа постоењето не би било вредно. Како што ноќниот чувар  кој со сите сили се бори да не заспие, кај неа беше обратно  таа се мачеше да потоне во сон само затоа што јавето ѝ беше многу поубаво. Сонуваше будно, речиси

секаде  каде што беше сама со нејзините мисли,
и кога не беше сама и кога не спиеше.
Правеше разлика помеѓу сонување и дејствување.
Беше фантазер и сонувач кој секогаш гледа позитивно на работите со цврста верба дека еден ден  сонот ќе ѝ стане јаве.

„ " (20)

## Записите за Џозефина (20)

И оваа ноќ светилката остана запалена во собата на Џозефина. Додека градот спиеше, додека владееше мрачна тишина додека ѕвездите беа единствени гости на темното небо, додека студот продираше в коски нејзе ѝ беше топло во душата. И оваа ноќ светилката остана запалена во срцето на Џозефина. Додека срцето ѝ чукаше, додека крвта ѝ течеше низ вените, додека дишеше, се надеваше додека дишеше веруваше дека сѐ ќе испадне добро.

И оваа ноќ светилката остана запалена во најмрачната темница. Додека постоеше сонцето, додека ја имаше насмевката додека полека умираше во неговата прегратка додека постоеше таа ќе постои и тој

## Записите за Џозефина (21)

И кога ѝ беше тешко, се смееше, и кога грижите ќе тропнеа на нејзината врата за нив секогаш беше негостопримлива штитејќи ја својата благосостојба. И кога ѝ доаѓаше да летне од

„ “ (21)

среќа и кога сè си беше на све место се плашеше тоа да не трае кратко посакувајќи да не заврши. И кога ѝ доаѓаше сон пред да склопи очи секогаш помислуваше на него. И кога ѝ се противеше на несоницата сакаше неговото срцебиење да биде нејзина приспивна песна. И кога ѝ капнуваше солза радосница беше благодарна за секој изминат ден и среќна за секој нареден. И кога најмалку се надеваше животот одново и одновно ја изненадуваше. И кога денот се будеше свежината во неа растеше насмев на лицето носеше.

## Записите на Џозефина (22)

Нејзиниот свет нејзино засолниште, скривниште и прибежиште,
а за да бидеш дел од него ти треба посебна карта која не може да се купи со пари.

Нејзината насмевка нејзин украс,
најубава облека и шминка, а за да ја
гледаш секогаш таква не треба
никогаш да ја разочараш.

„                                        “ (22)

Од нејзината појава  никој не останувaше рамнодушен, а нејзиниот чекор можеше да го следи само оној кој вистински ја познаваше.

Секој посакуваше за рака да ја фати нејзиното срце не смееше да пати, оној кој ја изгубил не може да ја врати нејзиното отсуство скапо ќе го плати!

„Записите за Џозефина“ (23)

Чекорејќи по патеката живот наречена секогаш со најубавата насмевка облечена, насмеј се, ќе помине нејзина девиза знаеше дека ниеден ден нема реприза.

Чекорејќи по патеката живот наречена сакаше со неговиот мирис да биде облечена,

да ги спојат световите два сакаше нејзе
долго не ѝ се чекаше.

Чекорејќи по патеката на среќата ништо
повеќе не сакаше, само мир, здравје и
љубов посакуваше и среќата во секое
срце да се вселува.

Чекорејќи по патеката на успехот
одеше по вистински пат, чекорот
нејзин ќе го следи само оној кој
вистински вреди!

„Записите за Џозефина" (24) Мислеше тивко и длабоко уживаше да биде сама со нејзните мисли, самата на себе доволна со тивка музика. Мислеше тивко и длабоко сама во ноќта темна ѕвездите над неа се надвиснаа високо да љуби конечно беше спремна. Мислеше тивко и длабоко во утрата што нова надеж носат

дека таа е вистинската сакаше да знае.

Мислеше тивко и длабоко во денот што се раѓаше и кога месечината се издигнуваше нејзе по една солза од очите и паѓаше.

Мислеше тивко и длабоко кога сонот ја повикуваше само еден лик пред очи ѝ излегуваше оној што беше причина за насмевка.

„Записите за Џозефина" (25) Како што растеше месечината така растеше и нејзината љубов кон него. Не беше лесно да ја освоиш, но уште потешко беше да ја задржиш. Како што ноќта се спушташе така растеше светлината во нејзините очи, а нему му шеташе во мислите и му спиеше во срцето. Како што денот се раѓаше така растеше

нејзината среќа за која тој беше

заслужен.

Посака да се облече во неговиот мирис, да се соголи до

гола кожа, а да не соблече ни едно парче од нејзината

облека. Посака да се нарече „негова“ и секој ден да ѝ

биде исполнет со среќа, а не со болка и патење.

Посака да се измие во чиста љубов да му

припаѓа некому како што тој требаше да ѝ

припаѓа нејзе, така и таа нему.

Посака да лее солзи радосници, само во

миговите кога ќе се сети на него, тој да ѝ ја

шепоти неговата музика, а таа да го пишува

текстот

и заедно да напишат песна на животот

која нема да има крај, која ќе живее

вечно, која ќе биде бесмртна и

неповторлива!

„Записите за Џозефина" (26) Таа која криеше цели светови, таа во чиј поглед спиеше тој таа која криеше цели загатки му го освои срцето. Таа која беше своја,

таа која не се срамеше да биде тоа што беше таа која беше своја сакаше да се нарече „твоја". Таа која се смееше, таа со бисерната насмевка таа која се смееше сакаше да биде причина за неговата среќа. Таа која скришно плачеше, таа која секој ден беше похрабра таа која скришно плачеше некогаш од тага, некогаш од среќа. Таа која беше компилицирана таа која беше исто толку едноставна

таа која беше комплицирана знаеше да ти го разубави животот. Таа која не сакаше разделби, таа која секое збогум ја болеше таа која не сакаше разделби мораше да се опрости од некои луѓе засекогаш. Таа која тој ја обожаваше, таа која беше магнет за машки погледи таа која тој ја

обожаваше беше причина за многу непроспани ноќи. Таа која тој ја посакуваше, таа која му го украде срцето таа која тој ја посакуваше беше чест посетител во неговите мисли.

## „Записите за Џозефина" (27)

Кога месечината и морето се бакнуваа во очите на Џозефина
се рефлектираше блескавата светлина која беше заносна и незаменлива. Кога дождот тивко паѓаше ги миеше солзите на Џозефина, а таа никогаш не беше сама со својата болка затоа што заедно со неа и небото плачеше. Кога сонцето изгреваше во Џозефина нова надеж се раѓаше, дека сепак постои среќа на овој свет

која се наоаѓаше длабоко во секого.
Не ја лути, затоа што ти пак ќе бидеш виновен, не ја лажи, затоа што сам ќе се излажеш, не ѝ давај лажна надеж, затоа што ти ќе бидеш повреден, не ѝ суди, не знаеш како е да си во нејзина кожа, не ја сакај, ќе се каеш цел живот. И кога ќе посакаш да ја заборавиш, еден дел од неа секогаш ќе живее во тебе колку и да сакаш да не е тоа така. И кога ќе

посакаш да ја прегрнеш направи го тоа додека имаш шанса. И кога ќе ти рече: „ми фалиш“
не ѝ викај „и ти мене“, туку прашај ја каде е и појди види ја.
И кога ќе ти рече: „не ми е ништо“, цврсто прегрни ја и речи ѝ дека
„што и да е, ќе помине“ без да бараш објаснување.
И кога ќе паднеше ноќ,
Џозефина секогаш од нејзиниот прозор
ги гледаше ѕвездите и си замислуваше по една желба, замижувајќи и посакувајќи еден ден да ѝ се оствари.

„Записите за Џозефина“ (28) Длабока приказна се криеше  во нејзините блескави очи кои ја содржеа тајната што таа вешто ја чуваше. На нејзините усни само неговото име се читаше, а мислите му припаѓаа на тој кој ѝ го крадеше сонот. Веруваше во искрена љубов, иако животот ѝ покажа  дека истата може да биде многу болна. Непоправлилата романтичарка можеше да ја скроти само еден, или дупло поромантичен од неа или некој кој можеше да ја надополнува. Таков беше тој,
со кој Џозефина беше потполно своја, кој
покрај сонот ѝ крадеше и насмевки, а тоа
сигурно беше патот до нејзиното срце. Тој

покрај кој и тишната ѝ беше прекрасна тој, кој со неговите мали постапки успеа да стане голем во нејзините очи! Џозефина отсекогаш беше вљубена, во животот, во малите ритуали и во нејзиното секојдневие
кое знаеше да си го направи интересно.
Џозефина отсекогаш знаеше ненамерно со нејзината појава да привлече внимание, со едноставноста привлекуваше, а со нејзината комплицираност те тераше да ја запознаваш одново и одново.
Да посакуваш да ја освојуваш, секојдневно, и никогаш да не се пожалиш што си одлучил да ја имаш.

## „Записите за Џозефина“ (29)

Можеше да ти го покаже светот само ако ѝ го поклонеше срцето, да заспиеш во нејзините прегратки само ако си ја заштитил со твоите.

Можеше да ти пее љубовни песни само ако ја свиреше вашата, да го

свириш нејзиниот ритам само за да
биде твоја музика.

Можеше да ти биде приспивна песна
само ако ноќта ѝ дозволеше, да ти пее
полека, тивко само ако помислиш на
неа.

Можеше да ја викаш моја само ако
вистински ја сакаше, да ја сакаш
силно и неизмерно само ако ја
запознаеш подобро.

Можеше да ти недостасува само ако не
ја слушнеше, да ти фали штом ќе
помислиш на неа само ако ѝ немаше
чуено глас.

## „Записите за Џозефина“ (30)

Додека свиреше нејзината омилена песна
Џозефина ги склопи очите и уживаше во ритамот
на нотите кои ја исполнуваа собата во која
свеќата со мирис на ванила полека догоруваше.
Додека сонот никако не ѝ доаѓаше Џозефина
размислуваше за многу работи во ноќта тивка и
мирна која даваше спокој не можеше да му се

препушти на спиењето. Требаше да го прави она што мораше а правеше нешто сосема друго, како да не постоеја правила и обврски за неа како ништо друго да не беше важно освен ноќта да ѝ биде единствен сведок на гласните мисли и тивката музика. Требаше да биде среќна, тоа можеби ѝ беше и најважно,

но знаеше дека мора да помине бурата за да огрее сонцето.
Животот ѝ беше еден огромен рингишпил на мометни беше издигнат горе, за во следен миг да се спушти долу и така постојано, се бркаше со среќата и тагата, кога едната беше будна, другата спиеше исто како дождот и сонцето, како денот и ноќта како плимата и осеката. Нејзе ѝ требаше некој кој ќе може да балансира на рингишпилот, кој ќе ѝ подаде рака, кој нема да се откаже од неа дури и кога тоа ќе го заслужи. Нејзе ѝ требаше некој кој ќе биде покрај неа и во добро и во лошо, кој ќе ја чува од зло кој ќе ѝ биде најголема поддршка. Нејзе ѝ требаше некој кој ќе чекори покрај неа со гордост, кој нема да ѝ се лути зошто не кренала слушалка кој

нема да му смета ни кога косата ѝ е бушава, кој нема никогаш да ја повреди кој ќе ѝ биде сојузник во фантазирањето
и мечтаењето.
Некој со кој ќе биде потполно своја, а
сепак толку негова.
Некој покрај кој ќе биде насмеана, кој никогаш
нема да си дозволи да ја растажи, а ќе ја
расплаче од среќа.

„Записите за Џозефина" (31) Свежо
утро.
Џозефина се разбуди пред изгрејсонце. Свежина во нејзините очи, во кои можеше да ѝ се прочита среќата. Се плашеше дека нема многу да потрае. Мирисот на првото утринско кафе се протегаше низ целата соба, а таа како по навика уживаше во секоја голтка која ѝ предизвикуваше задоволство. Кога сме веќе кај мирисите, најомилен оној кога во негов мирис беше облечена.
Енергична и ова утро. Правејќи ги
утринските вежби следена од длабока
мотивација секое  делче од нејзиното

тело се затегнуваше и добиваше облик онаков, каков што требаше да биде.

Кога после тоа влезе под тушот, кое патем ѝ беше најомилено место за релаксација и уживање, со секоја капка вода пролеана на нејзините колкови и гради беше поблиску до рајот, затоа што миењето со чиста вода за неа беше терапија за душа исто како читањето поезија на омиленот поет или слушањето на некоја мелодија која ѝ беше мелем за уши. Ги заврши утринските ритуали и му се насмевна на денот. Со длабок поглед во далечините посигурна од било кога, порешителна од никогаш претходно, посмела во сите постапки, посреќна и позадоволна од себе! Беше подготвена за успешен ден, затоа што само храбрите ги прати среќа.

## „Записите за Џозефина" (32)

Слушајќи ги брановите на морето ги впиваше зраците на сонцето кое ѝ ја потемнуваше кожата.

Уживаше со часови да лежи во таа положба додека звуците на природата

ѝ го исполнуваа секој миг правејќи да не се чувствува сама. Го замислуваше него до неа, како нежно ја масира со млекото за тело додека таа повеќе се топеше од неговите раце, отколку од самото сонце.

Едно силно викање ја врати во реалноста, сфати дека тоа се само некои деца кои си играа во песокта, па тогаш стана и влезе во морето. Водата прво ѝ беше ладна, секое делче од нејзиното тело се наежи, па полека се навикна на температурата, пливајќи додека не почувствува  дека не може да го дофати дното. Погледна кон далечините  на бескрајното чисто море, се прашуваше што има зад него, дали постои некој како неа  што е толку осамен и од другата страна? Секогаш размислуваше додека пливаше, секако дека знаеше да се препушти на моментот и да се релаксира немислејќи на ништо, но тоа траеше кратко, па повторно мислите ѝ течеа кои не можеше да ги запре.

После едночасовната дружба со морскиот свет, излезе надвор и се завитка во крпа. Косата ѝ беше мокра

и вода капеше по должината на целото нејзино тело, па таа постојано се бришеше, за што побрзо да се исуши, додека го чувствуваше ладниот воздух како и струи низ целото тело, помешан со топлото сонце правејќи една совршена комбинација која се чувствува неколку секунди после излегувањето од вода. Џозефина го обожаваше топлиот песок и не ѝ претставуваше проблем да оди боса, често знаеше да ги земе сандалите во рака, и да ужива во допирот со природата. Сонцето полека се повлекуваше, тоа беше знак дека уште малку местото ќе почне да се празни, но овој пат одлучи да седи подолго време, зошто кога целосно ќе биде празно, ќе може на мир да шета по целата плажа и да си ги прибере мислите без никој да ја прекинува.

Сакаше да остане на тоа место засекогаш, затоа што тука владееше спокојот и си го наоаѓаше мирот кој ѝ беше потребен слушајќи ги звуците на природата и шепотот на брановите.

## „Записите за Џозефина" (33)

Џозефина и овој пат го сонуваше истиот сон: јасна блескава светлина додека поминуваше низ тунелот се издигнуваше пред нејзините очи и ја

заслепуваше. Секогаш се пробудуваше
кога ќе дојдеше до таа ситуација.
Длабоко во себе веруваше дека
потсвеста ѝ праќа пораки, па откако и
по трет пат
блескавата светлина ѝ се појави на сон одлучи да
истражи малку повеќе и конечно да ја открие
мистеријата. Светлината значи дека поседувате
способност да зрачите со сјај во вашиот и
животот на другите. „Ова не било далеку од
вистината", си помисли и на усните ѝ се нацрта
насмевка. Насмевка која значеше среќа, а
сокриваше многу работи кои Џозефина ги чуваше
за себе, потсетувајќи ја дека конечно го најде
тоа што ѝ требаше.

Навистина таа беше светлост, ако
не во сечиј, тогаш барем во
животот на оние кои ѝ значеа и на
кои им значеше.
Сега кога конечно ја запозна среќата,
онаа вистинската, посака никогаш да не ја
загуби. „Записите за Џозефина" (34)

Мирот се всели во нејзината душа, најпосле.

Беше толку спокојна, чиниш само
што излегла од рајот
непокварена од злото кое
лебдеше на сите страни. Го
сакаше тоа чувство, заборавајќи
на сите стресови,
долгите исполнети часови со љубов и музика,
„слушај го разумот‟ срцето знаеше често да ѝ вика.
Сакаше поезија со рими кратки прошетки во ладните
зими, ноќно капење во летни денови таа беше
девојката од неговите сонови.
Времето со него ѝ поминуваше за час,
„о, колку ми значиш‟, сакаше да извикне на цел глас!
Беше тоа интересна приказна која само тие двајца ќе ја
паметат,

нешто на кое ниту тој,  ниту таа не сакаше да
му дојде крај, самите си создадоа еден
љубовен рај. Никој не можеше помеѓу нив да
застане посакаа љубовта никогаш да не
престане. Тажни песни свиреа на радио, во
душата на Џозефина грееше сонце, нејзиното
срце пееше само во брз ритам, музиката на
среќата омилена мелодија, мелодија со

среќен крај,  врежана засекогаш во меморијата.

Убаво било да знаеш дека некој мисли на тебе, да можеш некому да дадеш дел од себе, убаво било да знаеш дека си посакуван, и само од среќа да си расплакуван. Почеток на нешто вредно за паметење, сон кој треба да биде остварен, патишта кои треба да се изодат... Никој не знаеше што може утре да донесе, важно беше каков заклучок на крај ќе се понесе, дал ќе пееме песна со тажен или среќен крај, само од нас тоа зависи знај.

## „Записите за Џозефина“ (35)

Се насмевна. На нејзиното лице се нацрта онаа линија која беше решение на сите проблеми. Една насмевка беше доволна за да ти ја растопи душата и да ти го разубави денот. Џозефина нему му беше и ден и ноќ, и светлина и мрак, дека им беше судено

заедно да бидат тоа беше знак.
Беше негова ѕвезда водилка
почеток на убава приказна, на
која никој не сакаше крај. Му ги
осветлуваше ноќите, галејќи го
секое делче од неговото срце,
непланирано успеа да се всели
таму и да пушти корени. Можеа
само да воздивнуваат по неа,
сите да ја сонуваат, а
само тој да ја има.

## „Записите за Џозефина" (36)

Сонуваше виолетов дожд, каков што
досега немаше видено, огромни
виолетови капки паѓаа долж улиците,
додека таа лежеше долу на земјата
водена, среќна и изненадена, остави
дождот да ја измие и да ја обои.
Кога почна да истура силно, телото
на Џозефина пливаше во виолетова
вода, додека околу неа

се наоѓаа дрвја со виолетови лисја, чиниш се наоѓа нацртана на лист хартија од некое дете со бујна фантазија.

Се разбуди.

Сфати дека било само сон.

Се насмевна.

Сфати дека никогаш не се наоѓала на подобро место во нејзините соништа, дури ни во нејзините фантазии не можеше да се опише ваквото место

и чувствата кои преовладуваа додека се капеше во виолетовиот дожд.

Помисли на него.

Се сети дека заедно го посматраа паѓањето на дождот.

Посака во сонот да беше и тој.

Но, не беше.

Тој беше дел од нејзиното јаве, кое го правеше поубаво, му даваше смисла и го разубавуваше. Таа беше остварување на сите негови соништа,

па не можеше да му вети ништо повеќе од
нејзиното присуство, поддршка,
разбирање и безрезервна љубов.
Помисли на него повторно. Знаеше
дека колку и да се далеку, во мислите
секогаш се заедно.
Џозефина не сакаше да ветува празни зборови,
можеа да мечтаат заедно, со часови, но со
заедничка желба дека нешто од тоа ќе се оствари.
Кога на крај успеа да го пронајде оној со кој и
тишината беше прекрасна музика не сакаше да го
изгуби.

Веруваше дека и тој го сака истото и дека го слуша ритамот на ноќта кој таа го слушаше секогаш кога беа заедно. „Записите за Џозефина" (37)

Остани. Шепотеше Џозефина. Беше
свртен со грб и не можеше да му го
види ликот, но сигурна беше дека тоа
беше тој. Направи еден чекор
понапред, таа го држеше за рака
обидувајќи се да го прати неговото

движење, му викаше да не си оди, а
тој полека се оддалечуваше.
Таа беше скршена.
Како некој да ја прободел со нож, како да
беше ранета птица, клекна на земјата и почна
силно да плаче, тогаш почна да истура силен
дожд како да сакаше да ѝ каже дека не е
сама, дека и тој ја дели истата болка.
Се разбуди среде ноќ.
Сфати дека било само сон. Како да ѝ падна
камен од срце, се ослободи и почна да го
запишува сонот.
Имаше таква навика
да ги запишува соништата што ги памтеше, за
после тоа да им го открие значењето. Не беше
сигурна кого го преколнуваше да не си оди,
но еднаш ѝ имаа кажано дека се случува
обратно од она коешто ќе го сониш.
Се надеваше дека ќе биде така. Не
беше спремна да изгуби никого,
најмалку него, кого најпосле го најде.
Остана будна долго време, ги
набљудуваше ѕвездите, уживаше во

тишината на ноќта, го дочека
изгрејсонцето, и тогаш заспа.
Ја разбуди звукот од телефонот.
Тоа беше тој.
Ја побарал само за да ѝ го слушне гласот.
Еден повик беше доволен за денот да ѝ се разубави. Насмевка ѝ се нацрта на лицето, одеднаш светот ѝ се виде магичен, блескав  и полн со шанси.
Сакаше максимално
да ја искористи единствената шанса
која ѝ беше дадена од родителите,
шанса која не ја побара сама, шанса
која ѝ припаѓаше, шанса да живее, а
тоа ѝ беше доволно.
Беше жива.
Вдишуваше и издишуваше и со секој
нареден момент беше поблиску до
остварување на своите соништа.

## „Записите за Џозефина" (38)

Запаметена засекогаш, немаше
човек кој лесно можеше да ја

заборави. Дури и оние кои заминуваа од нејзиниот живот вечно ќе ја паметат, сакале или не. Оставаше траги, се врежуваше длабоко и влегуваше под кожа многу лесно.

Оставаше болка зад себе, понекое скршено срце и скриени солзи, на срцата кои патеа по неа. Оставаше прашања, понекои збунети лица, но само таа го знаеше одговорот кој многумина сакаа да го дознаат. Немаше место за сомнеж повеќе, пронаоѓајќи се себе, ја пронајде среќата, а, тој кого воопшто и не го бараше ѝ го покажа лицето на вистинската среќа, онаа која таа беше ја подзаборавила или ја потиснала длабоко во себе. Умееше да ѝ се наметне на воопшто ненаметлив начин, да ѝ го разубави денот со само еден повик, впрочем неговиот глас беше она кое ѝ беше потребно да го слушне.

Знаеше како со неа, таа знаеше како со него, што ли беше уште потребно?

„Записите за Џозефина“ (39) Една светлина секогаш светеше кога Џозефина беше во прашање, тоа беше сјајот во нејзините очи блескав и впечатлив. Еден лик секогаш беше присутен во нејзините мисли, тоа беше неговиот лик кој за неа беше посебен. Една мисла секогаш одзвонуваше во нејзината глава, тоа беше надежта која никогаш не ја напушташе. Една песна секогаш свиреше  во нејзиното срце, тоа беше најубавиот ритам кој имаше најубави љубовни звуци. Една чистота беше собрана во нејзината душа, која не беше расипана само повредена и напатена. Една желба си замислуваше секогаш пред да заспие, која не беше недостижна туку лесно остварлива. Една тајна беше чувана длабоко врежана,

што ли криеше  само таа знаеше.

„Записите за Џозефина" (40) Утро.

Небото беше смуртено чиниш целиот ужас и болка се беа собрале во него. Нејзе не ѝ пречеше тоа затоа што знаеше дека после бурата доаѓа сонце. Имаше нешто необично  во секој нов ден, а Џозефина тоа го гледаше. Дури и во дождот имаше некоја порака, си помислуваше. Како природата  да сака да им каже на оние кои се тажни дека не се сами, небото плачеше за сите подеднакво, плачеше за пропуштените шанси, неостварените љубови, скршените срца...

Снегот пак имаше слична порака, тој им покажуваше дека и во најстуденото срце има нешто убаво и топло,

дека потребно е да се измие нечистотијата која се насобрала, како што се чистеа правот и воздухот така сите ние требаше да ги  ослободуваме нашите души и да ги нахрануваме.

Додека со топењето снегот сакаше да каже дека ништо не е вечно и сè поминува, но трагите и спомените остануваат засекогаш.

„Записите за Џозефина" (41) Кога светлата се гаснат кога настапува мртва тишина, кога градот заспива, нејзините мисли стануваа најгласна бука. Како пијано беше нејзиниот живот кадешто доминираа двете бои, па еднаш се слушаше весела мелодија, а друг пат тажаленка која ти ја расплакуваше душата. Не можеше да побегне од себе, таа беше тоа што беше и тоа што требаше да биде, дури и пак да се родеше ќе беше истата во потполност.

Кој не знаеше да ја сфати нејзината тишина воопшто не ја заслужуваше нејзината бука, кој не ја познаваше доволно можеше само да си претпоставува и да се прашува што има во тоа толку што ја правеше посебна? Ја немаа таа среќа сите, да ѝ проникнат во мислите да им се отвори во крајност, како што имаше тој.
Добро знаеше што прави правеше така како што чувствуваше, храбро онака како што

мислеше и доволно смело за да се изложи на ризик, но нејзе ѝ беше важно да биде разбрана и почитувана поради тоа што беше, а не поради тоа што другите сакаа да биде. Доволно среќна за да се плаши од тага и доволно тажна за да бара среќа се описите кои ѝ се случуваа долго време кои се сега минато.

Сега научи дека не мора човек да се плаши ни од преголема среќа, ниту од преголема тага, затоа што тоа беше составен дел од мозаикот наречен живот

и ќе дојде ден кога среќата и тагата ќе се соединат и она што ќе владее ќе биде хармонијата, затоа што и во белото има малку црно, но и во црното малку бело, баш како клавишите на пијаното.

„Записите за Џозефина" (42) Кога сонцето заоѓаше во нејзините очи заспиваше зракот, крадејќи од сопствениот сјај правеше таа да блеска каде и да се појави. Кога заспиваше во нејзиниот сон доаѓаше ангелот, милувајќи ги нејзините желби правеше тие да се остварат. Кога се будеше во утрата полни со прашања насмевнувајќи му се на новиот ден правеше тој

да биде уште еден нов почеток. Кога се насмевнуваше во нејзиниот поглед спиеше тајната криејќи ја вешто од другите правеше да биде мистериозна. Кога се надеваше во нејзината мисла немаше место за неуспех, гаејќи ги добрината, љубовта и искреноста правеше секој да биде воодушевен. „Записите за Џозефина“ (43)

Кога ќе помислеше на љубов помислуваше на него, а кога ќе помислеше на него тивко се насмевнуваше во себе во името на сите прекрасни моменти, но ја проголтуваше тагата која ѝ викаше дека тој многу ѝ недостига. Нејзе ѝ се чинеше  дека нема поголемо проклетство од тоа кога сакаidата личност не е до тебе. Знаеше дека ќе дојдат подобри времиња, кога ќе бидат заедно толку долго дури што ќе си станат здодевни еден на друг, иако тоа изгледаше невозможно и чудно впрочем некој што ти значи може ли некогаш да ти здодее?

Никогаш!

Знаеше дека кога еднаш се засака искрено таа љубов тешко исчезнува, дури и во најтешките мигови се наоѓа разбирање и причина за останување. И секогаш беше заљубена, најмногу

го љубеше животот, но и човекот кој нему му даваше смисла беше среќна што го пронајде и не планираше да го пушти.

„Записите за Џозефина“ (44) Ја сакаше ноќта.

Го сакаше него.

Неговиот глас сакаше да го слуша.

Сакаше да го слуша додека ѝ раскажува делови од неговиот живот.

Неговиот живот беше таа.

Таа го сакаше безрезервно.

Безрезервно ѝ веруваше.

Веруваше во среќен живот.

Среќен живот сакаат да имаат заедно.

Заедно беа посилни.

Посилни  од сѐ.

Сѐ што ќе наумеше го остваруваше.

Го остваруваше својот сон.

Својот сон беше потполно реален.

Реален беше и нејзиниот труд.

Нејзиниот труд ќе ја однесе далеку.

Далеку ќе стигне ако го живее сонот.

Го живее сонот кој отсекогаш го сонувала.

Го сонувала најсреќниот момент во нејзиниот живот.
Нејзиниот живот неиспишан роман.
Неиспишан роман кој треба да се напише.
Да се напише љубовна приказна не е тешко.
Не е тешко да сакаш.
Да сакаш и да постоиш.
Да постоиш со цел и да откриеш која е таа.
Која е таа која ти го краде сонот?

## „Записите за Џозефина" (45)

Градот спиеше, но не и таа.
Се измачуваше со непотребни прашања. Се обидуваше да го следи текот на мислите или за момент да ги насочи на поведри теми, но не ѝ успеваше.
Ретко ѝ се случуваше да заплаче без причина, знаеше дека мора да постои нешто што ѝ ги предизвикува овие чувства, се обиде да го пронајде и го најде.
Отсекогаш беше позитивна. И во најмрачниот тунел таа ја наоѓаше онаа светла точка, и во најзлобниот човек наоѓаше трошка човечност, и

во најлудата работа се обидуваше да пронајде разум, и во неискреноста знаеше дека постои доза на искреност, и во најтешките мигови знаеше да се насмее, и со насолзени очи бараше причина за радост,

и во хаосот знаеше да види ред, и во тишината слушаше врева, и во вревата знаеше да слушне тишина, и во најголемиот студ можеше да најде топлина, и во неговите очи се наоѓаше нејзиниот свет, но, себе секогаш се гледаше онаму каде што беше тој!

„Записите за Џозефина“ (46) Го пронајде мирот. Мирот кој ѝ беше најпотребен конечно се всели во неа. Кога чекореше, како времето да запираше, со лесни чекори ја милуваше земјата крадејќи погледи од сите гладни очи, кои сакаа да гледаат убавини.

Го пронајде тоа што го бараше.
Нејзиното навидум диво срце сега
беше скротено,

небаре беше питомо маче кое
престанало да гребе со шепите кога
сака да се мази  или кога е гладно.
Можеше да биде сѐ што ќе посака, да го исполни ветеното, да не го погази сопствениот збор, да допре до длабочините на твојата душа, тивко и ненаметливо да ти се насели во срцето, да направи да не можеш без неа, да ти ги окупира мислите, да сакаш да биде секогаш покрај тебе, да ти биде криво кога не е до тебе, да те вивне до облаци, но и да те спушти на земја, да ти биде најголема поддршка, но можеше и да те расплаче, а ти, ти само ќе посакаш да ја имаш, или ќе си речеш „фала му на Бога, моја е!"

„Записите за Џозефина“ (47)

Ја слушаше музиката на сопственото срце, таа мелодија која со секое отчукување станувaше сè попријатна ѝ звучеше нестварно. Беше диригент на својот свет, умешно управуваше со секоја нота, имаше исклучително изострен слух  и талент да го гледа најдоброто во секого. Убавините се насекаде,  ако знаеш да ги препознаеш, често знаеше да рече, а не беше свесна во потполност колку убавина поседува самата. Затоа беше тука тој, да ја потсети колку е убава, најубава во неговите очи, секоја нејзина маана за него беше причина  да ја почитува уште повеќе, да ѝ се восхитува на храброста и умешноста во она што го правеше. Танцот на ѕвездите ја потсетуваше дека ноќта оди заедно со нив и се нераскинлив дел од секое небо, секогаш и секаде, на било кое место, безралика од каде ги посматрате ѕвездите и небото, ќе ја видите истата онаа убавина, светлината со која зрачат, песната која ја пејат и танцот кој го играат секогаш пред ние да склопиме очи.

„Записите за Џозефина“ (48)

Среќата знаеше да ѝ се насмевне во вистински момент, како магнет ја привлекуваше и еуфорично ја делеше со останатите.

Сонце?

Таа блескаше повеќе и од него. Нејзе не ѝ требаше многу за да биде задоволна, ѝ беа потребни само оние луѓе кои ги имаше покрај неа и кои не сакаше да ги изгуби. Предизвик кој го прифати, борба која ја водеше, песна која ја пееше, роман кој го пишуваше, сложувалка која требаше да се склопи беше нејзиниот живот. Таинствен лик во туѓите очи, чиј лик спие во нејзините мисли? Нежен шепот на усните, кои усни ги бакнуваа нејзините? Мек допир на вратот, чии ли раце ја галеа? Топла прегратка во ноќите, со кого им се спојуваа световите? Дал си стварност ил лага, плод на фантазија или

вистиснка реалност, слатка болка или горка радост, Џозефина, што ли си ти?

„Записите за Џозефина" (49)

Срцето ѝ зборуваше песна која не можеа сите да ја разберат, усните и пееја зборови кои сите не сакаа да ги слушнат. Во нејзините вени течеше неговото име, тој беше дрога на која смртно се навлече, само тој можеше да ја излекува и да ја спаси.

Кога ништо не кажуваше,
нејзината тишина врискаше, со
само еден поглед ја
расветлуваше темнината. Кога
најмногу ѝ требаше, молчеше.
И тогаш во мислите ги повикуваше
сите заеднички мигови бесценети и
вредни за паметење. Кога се смееше,
од усните ѝ се читаше неговиот лик, со
само еден насмев растопуваше сечие
срце.
Зошто Џозефина беше толку чудесна?

Затоа што беше своја. Бидувајќи своја и поинаква оставаше траги и секогаш беше запаметена. Можеше да направи да се смееш, но и да рониш солзи истовремено незнаејќи дали е сон или јаве штом таа е до тебе.

## „Записите за Џозефина" (50)

Постојано се предизвикуваше себеси, се натпреваруваше со најсилниот противник, споредувајќи се единствено со „старата јас", напредуваше само кога сакаше да биде подобра, денес подобра од вчера,  а утре подобра од денес.
Тоа беше нејзина филозофија, љубовта ѝ беше идеологија, трагањето по среќа опсесија...
Постојано се прашуваше една иста работа, растргната помеѓу сонот и јавето, со илјадници прашања
чии одговори можеби и не сакаше да ги знае, растргната помеѓу денес и утре, сакаше да живее

„сега и овде" небаре тоа беше клучот за среќа, сакаше многу работи да постигне, сакаше многу работи да му каже, сакаше многу работи да прекути, а којзнае и дали вредеше да се помислат, сакаше многу работи да не ги сакаше, сакаше многу, сакаше чисто и безрезервно и очекуваше таква љубов назад, сакаше безусловно и детски, со наивност и добрина,
сакаше женски и храбро,
заштитнички и верно, сакаше
со посветеност и со внимание,
сакаше херојски и гордо,
сакаше едноставно, а некогаш
комплицирано, сакаше среќа и
го сакаше него кој беше една
од причините за нејзината
среќа, убаво ѝ рече еднаш
еден:
„Среќен ќе биде оној кој ќе го сакаш". А нејзе ѝ беше важно тој што ќе го сака да биде горд што ја има покрај себе.

„Записите за Џозефина" (51) Косата ѝ мирисаше на кокос, а нејзе ѝ беше лето во душата, дишеше во ритамот на омилената музика кога одеше земјата не ја допираше, нежно играјќи си со сончевите зраци. Сонцето го обожаваше, или како што милуваше да каже, таа беше „дете на сонцето"

прашувајќи дали некој на светов му се радува повеќе од неа. Во омилената комбинација, зрачеше со самодоверба, а лицето ѝ беше украсено со една мала, но симпатична насмевка која никого не оставаше рамнодушен. Движејќи се по улиците на градот го вдишуваше загадениот воздух, ама пак ѝ мирисаше на лето! Мирисот на старите липи, мирисот на свежо косена трева и топлиот воздух беа само предвесници на едно долго и жешко време кое допрва следува. Сакаше промени, не многу драстични, но добро беше да ги има,

тие ја предизвикуваа да се натпреварува и да испробува разни нешта,

да се пронајде и конечно да се стабилизира, да
биде онаа старо-нова јас
со јака волја и со преголема доза на оптимизам, со
рака полна надеж,  а река од мотивација, море од
среќа и океан од убавини.
Еднаш некој ѝ рече:
„никогаш да не куртулиш од убавини", се
молеше тоа да се исполни и никогаш да
не престане.

## „Записите за Џозефина" (52)

Кога еднаш ќе ја изгубиш ќе ти биде
непребол, кога еднаш ќе ја повредиш
ќе се повредиш три пати повеќе, кога
ќе ја видиш насмеана
ќе сакаш ти да бидеш причина за нејзината насмевка,
кога ќе ја расплачеш полека, но сигурно ја губиш, кога
ќе те погледне нежно посакуваш да ја гледаш засекогаш,
кога ќе те бакне неочекувано ти измамува насмевка на
лицето, кога ѝ покажуваш дека ти значи само вредиш
уште повеќе во нејзините очи, кога ја третираш како
дама како што заслужува ќе те почитува дупло повеќе,
кога ја изненадуваш со ненадејна посета само ја
зацврстуваш довербата помеѓу вас, кога сакаш да ја

гледаш бушава и ненашминкана знај дека таа е
вистинската,
кога знае кога да премолчи, а кога да зборува
вреди да ја чуваш,
кога си сигурен дека во нејзините очи нема друго машко,
направи да се чувствува како единствена девојка на
светов,
кога секоја песна те потсетува на неа, пробај да
напишеш песна за вашата приказна, кога
помислуваш на неа, а не е покрај тебе, јави ѝ се и
кажи ѝ дека ти недостига, кога прави и далечината
да изгледа блиска, за неа вредат и илјадници
поминати километри, кога сакаш да ја гледаш како
си игра со деца потајно посакуваш да имате
заеднички, кога ја чуваш како капка на дланка, таа
ќе знае тоа да го цени, кога ја смееш и правиш
среќна
стануваш нејзина дрога од која нема да сака да се излечи,
кога сакаш да се будиш покрај неа сигурно веќе ти
е влезена под кожа, кога се грижиш за неа како за
себе, таа ќе се грижи три пати повеќе за тебе, кога
се бесценети часовите поминати со неа ќе сакаш да

си што подолго во нејзина близина, кога не сакаш
да биде осамена, биди покрај неа,
кога сакаш да ја гледаш насмеана,
никогаш немој да бидеш причина за нејзина тага, кога
си внимателен и нежен, таа се топи како коцка мраз,
кога ја прегрнуваш таа се чувствува најбезбедно, кога
си до неа секогаш кога треба, знај дека и таа ќе биде
тука за тебе, кога го почитуваш нејзиното време, таа ќе
го почитува твоето уште повеќе, кога ѝ докажуваш
колку вреди во твоите очи, во нејзините очи стануваш
само поголем и повреден, кога таа ти е последна мисла
пред да заспиеш сигурно ти спиеш во нејзините мисли,
кога сакаш да ја задржиш покрај себе, не ја притискај и
чувај ја како што заслужува, нека биде слободна, а
сепак твоја, нека се почувствува посакувано и вредно,
покрај тебе ако е најубава, покрај тебе ако е
најсигурна, покрај тебе ако е најопуштена, покрај тебе
ако е најсреќна, покрај тебе ако е најбезбедна, покрај
тебе ако е горда, тогаш не ја пуштај.
Џозефина беше сѐ ова покрај него и
никогаш во животот не беше посреќна,
сакаше само да потрае и

приказната да подложи да се пишува, за еден ден со обелена коса,  да има што да раскажува.

## „Записите за Џозефина‟ (53)

Понекогаш знаеше да заспие со солзи, но, секогаш следното утро ставаше насмевка како задолжителен моден додаток  без кој не можеше да се замисли. Ноќта ја правеше спокојна, кога ѕвездите танцуваа на небото месечината се раѓаше, сонцето заспиваше, додека небото ги набљудуваше мирно и тивко  за да не го разбуди сонцето  и нежно и внимателно за да не ја повреди месечината. Таа припаѓаше онаму каде што требаше, беше длабоко сместена во неговото срце од каде што не планираше да излезе, а тој сакаше таа да остане.

Тој припаѓаше онаму каде што требаше, го имаше клучот од нејзините најтајни одаи, го чуваше внимателно затоа што не сакаше да ја изгуби.

„Записите за Џозефина“ (54)
Додека во одблесокот на нејзините очи се читаше љубовта со која беше полна, во насмевката ѝ се криеше цела ризница на љубов која неизмерно ја добиваше и ја даваше.
Додека душата ѝ треперeше го вдишуваше неговиот мирис
а тој ѝ го слушаше забрзаниот ритам на срцето за кој беше виновен. Додека беа еден покрај друг и тишината можеше да има звук на пријаност, ништо не беше поважно од нивното присуство, губејќи се во меѓусебните прегратки времето за нив запираше, секундите и минутите не постоеа, постоеа само заедничките моменти, моменти на уживање, на припадност и бесконечност.

„Записите за Џозефина“ (55) Постоеше затоа што љубеше.
Љубеше затоа што беше жива.

Беше жива секогаш кога ќе помислеше на него.

Него го чуваше како зеница во очи.

Во очите ѝ се читаше сјајот.

Сјајот да го скрие не можеше.

Не можеше да избега од себе.

Од себе не можеше да се скрие.

Да се скрие од злобните луѓе сакаше.

Сакаше да биде среќна.

Среќна беше кога беше покрај него.

Покрај него беше најубава.

Најубава беше во неговите очи.

Неговите очи криеја цели светови.

Цели светови ѝ беа неговите прегратки.

Неговите прегратки, најбезбедно место.

Најбезбедно место во негова близина.

Неговата близина причина за силно срцебиење.

Силното срцебиење му го слушаше и нему.

И нему не му беше сеедно покрај неа.

Покрај неа беше свој и истовремено нејзин.

Нејзин беше и кога не беше покрај неа. Покрај неа беше и кога не беше до неа.

Кога не беше до неа исто како да беше.

Како да беше видливо неговото присуство.

Неговото присуство секогаш посакувано.

Секогаш посакувано го очекуваше неговиот повик.

Неговиот повик причина за радост.

Радост беше самата Џозефина.

Џозефина, радост и болка истовремено.

Истовремено негова и ничија.

## „Записите за Џозефина“ (56)

Сила извираше од секое делче од нејзиното тело, појака како никогаш претходно, поодлучна како што досега никогаш не била, чекореше кон нова етапа во животот со цврсти и приземјени чекори се приближуваше кон остварување на своите соништа, а дел веќе ги живееше и не сакаше никогаш да престанат.

Ведрина. Нејзино второ име.

Преживеана бура.

Победена битка.

Извојувана победа.

Остварена цел.

Ноќта ја одгатнува мистеријата. Со себе носи милион прашања кои чекаат да бидат одговорени.

## „Записите за Џозефина“ (57)

Молк кој можеше многу да каже.

Беше посветена, ама сакаше посветеност назад.
Знаеше кога е време молкот да зборува, но мудро
ги користеше зборовите во вистинско време.
Знаеше да заспие со солзи, а да се разбуди со
насмевка,
но тоа не ја правеше ниту слаба, ниту јака,
туку свесна за своите емоции  над кои сакаше
да ја има контролата и скоро секогаш
успеваше во тоа.
Зборови кои не кажуваа ништо. Сакаше
делата да зборуваат повеќе од сите
можни реченици и изјави, сакаше она
што ќе го вети и да го исполни, а да не
ѝ се ветува ако не може нештото да се
направи.
Стекнуваше доверба во секого скоро со леснотија, но
уште полесно можеше да ја изгуби, додека таа
важеше за човек  на кој можеш да му се довериш.
И таква беше.
Ќе те натера да зборуваш, како да
ја знаеш цел живот,
како да се соживува во сѐ што ќе ѝ кажеш,

без да те осудува и критикува, како да го преживува истото со тебе, те слуша без да те прекине, те остава да се доискажеш, те гледа внимателно со топол поглед полн со разбрање.

Долгите разговори ѝ беа омилени. Оние кои можат да траат со часови,

оние кога губиш чувство за времето што изминало, оние во кои темата сама се менува и зборовите се нижат како бисери, оние разговори кои се неповторливи, оние кои те прават поискусен и позрел, оние кои те носат на една сосема друга димензија, оние кои нема да ги заборавиш лесно, оние кои вреди да се повторат одново и одново, оние од кои не можеш да се заситиш, оние од кои не можеш да побегнеш ако ја знаеш неа.

Ќе го видиш сонцето во нејзините очи, мракот нема да ти биде повеќе мрачен затоа што ѕвездите ќе те потсетуваат на неа, само затоа што ја сакаш неа.

Ќе го доживееш она чувство на исполнетост, кога во сѐ ќе гледаш убавина, кога никој нема

да ти е поважен од неа, само затоа што таа ти значи живот.
Ќе ги сметаш за дом нејзините прегратки, затоа што нема потполо место од нив, и ќе сакаш секогаш да се вратиш таму само затоа што таа е твојот дом.

## „Записите за Џозефина‟ (58)

Многу испишано, премалку кажано. И уште илјада записи нема да можат да ја опишат... И со нежен поглед ти кажува: „тука сум за тебе‟, и со насмевка ти вика:
„немаш претстава колку ме правиш среќна‟ и со краток допир ти порачува:
„чувај ме како што доликува ‟. И премолчува тага, ти ја заслужуваш ако приметиш што ти прекутела. И голта солзи, а не ги покажува, а ти длабоко во себе знаеш дека е повредена.
И се смее навидум без причина, ама убаво ѝ е покрај тебе. И како да сака да ти каже „остани‟, секогаш кога излегуваш од вратата. И како да не ѝ е

сеедно  со кого си и каде си, и како љубоморно те чува и

сака твоите очи да ја гледаат само неа. И како секој ден поминат без неа ти е безвреден,
и како бесценети да се часовите  што ги минувате заедно. И како да ти фали дел од себе кога не е до тебе, и како да те гледа во секој трет што ќе го сретне кога не си покрај неа. И како да ја носи со себе твојата прегратка, а ти ја носиш во мислите и упорно ја чуваш таму како да се плашиш дека ќе ти избега... И со секој изминат ден како да ти значи уште повеќе од претходно, знаеш дека ти влегла под кожа и дека не може лесно од таму да излезе. И да, животот ти се дели на пред и после неа, само што после значително повеќе вреди и ти всушност тогаш почнуваш да живееш. Кога почна да ја сакаш,
тогаш сфати колку љубов си криел во себе,
кога одлучи да чекориш покрај неа, стана посилен,

а кога ќе ти се насмевне, сфаќаш
дека целиот твој свет е изгубен во
нејзината насмевка.

„Записите за Џозефина“ (59) Ако не те прави подобар човек не е љубов, знаеше да рече. Ако не заболи длабоко во душата, не е грижа, знаеше да рече. Ако не те наежи допирот, не е привлекување, знаеше да рече. Ако не ти заскока срцето како лудо, не е возбуда, знаеше да рече. Ако не почнеш да трепериш, не е страст, знаеше да рече. Ако нема разбирање, нема ни почит, знаеше да рече. Ако нема доверба, џабе е сѐ, знаеше да рече. Кога ноќта ќе го проголташе денот стануваше спокојна на неопислив начин, тогаш и доаѓаа најубавите идеи, си се договараше со себеси и уживаше во тишината која успокојуваше. Подеднакво ги сакаше утрата, но, имаше нешто поинакво во ноќите, нешто што смируваше,

што те тераше на размислување, што ти будеше емоции и евоцираше спомени, нешто со кое утрото не

можеше да се пофали. Брзањето и подготовката за престојниот ден беа типични за утрото, па затоа како и многумина и Џозефина не беше утрински човек, ама лесно се прилагодуваше. Жив човек, на сѐ се навикнува,  знаеше да рече.

Вљубен човек, се согласува на сѐ, знаеше да рече.

Мудар човек, ќе те научи многу, ако го слушаш внимателно, знаеше да рече.

Стар човек е полн со мудрости, знаеше да рече.

Искреност не барај од лажни луѓе, знаеше да рече.

Пијан човек ќе ти каже вистина само ако го мислел тоа и претходно, знаеше да рече.

Таму каде што нема слога, нема ни мир, знаеше да рече. Таму каде што владее љубовта, среќата царува.

Таму каде што царува среќата, душата е исполнета.

## „Записите за Џозефина" (60)

Никогаш не сакаше светот да се врти околу неа. Не патеше за внимание, затоа што доволно го добиваше од оние кои ѝ значеа. Никогаш не сакаше да биде најгласната, ниту сакаше да биде најтивката. Ниедна не беше слична на неа, беше премногу необична и тоа ја правеше уште попривлечна. Срцето ѝ беше полно, што од радост, што од љубов. Имаше уште простор во него, полно со топлина како универзумот со ѕвезди. Џозефина беше најсветлата ѕвезда во неговите очи и цел свет му беше скриен во нејзините прегратки. Џозефина можеше да направи да плачеш од среќа, но и да се смееш кога си тажен.
Џозефина знаеше дека за неа само небото е граница, а сакаше да освојува нови висини заедно со него.

## „Записите за Џозефина" (61)

Седеше на плажата со поглед
занесен во далечините, зраците ѝ го
милуваше секое делче од нејзиното
тело додека тивкиот ветар нежно ѝ ја

галеше косата чии прамени се нишаа
во неговиот ритам.
Мирното море како да го отсликуваше нејзиниот спокој, кристално јасно беше  дека таа припаѓа тука. Чувство на спокој ја обземаше секогаш кога ќе го слушнеше  звукот на брановите што плискаа на брегот, а поубаво чувство не постоеше, беше слично на она  кога лежи во негова прегратка и му го слуша срцебиењето, само со тоа чувство можеше да се спореди. Си го слушаше сопственото дишење кога лежеше над водата, му се препушташе на морето со погледот насочен кон синото небо, тоа беше уште еден момент на спокој.

Мирисот на солена вода, песокта под нејзините нозе, сите звуци на природата и одблесокот на сонцето не можеа да се споредат со ништо. Го дочекуваше зајдисонцето и го испраќаше денот за да може да ја дочека ноќта која совршено се спушташе и правеше сè да изгледа магично. Ја сакаше ноќта, го сакаше одблесокот на ѕвездите и сиот нивен

сјај, можеше со часови да ги набљудува и да не ѝ стане здодевно. Често знаеше да рече дека кога ќе погледнеш во ѕвездите ако помислиш на некоја личност што не е до тебе во моментот, таа личност многу ти недостига и има посебно место во твојот живот. Знаеше дека ова е вистина, затоа што веруваше дека е така, не можеше да биде поинаку. Џозефина знаеше дека сè ќе си дојде на свое место, не смееше да биде поинаку.

И не мораше.
Затоа што крајно време е да се склопат деловите од сложувалката и сонцето да огрее уште посилно.

## „Записите за Џозефина“ (62)

Живееше во чуден свет, навидум модерен и напреден, ама студен.
Ладно им беше во душите, луѓето отуѓени едни од други како да се натпреваруваа

кој попрв ќе му забие нож на другиот.
Тоа ја повредуваше многу, неправдите ја болеа, а тажните судбини често знаеја да ја расплачат.
***
И вечерва беше од оние ноќи кога
стуткана под ќебето
вдишувајќи го чадот од миризливата свеќа
размислуваше за животот, за тоа како може да се промени со само еден настан, со само еден допир, со само еден чекор

или со само еден поглед. Животот беше чудо или чудо на природата, природата беше живот и така во круг. Чуда се случувале, ама траеле три дена, кое ли чудо треба да се деси за да се запамети за три века?
Замислуваше како времето брзо лета и колку работи се сменија, а колку допрва работи треба да се случат и сменат.
И беше подготвена за нив. Викаат дека оној кој ризикува нешто и ќе изгуби, ама нешто и ќе добие, но оној кој воопшто не ризикува ниту ќе добие, ниту ќе изгуби. Таков ти е тој

принцип, вложуваш, за да добиеш, даваш, за да ти биде дадено во спротивно, немаш што да изгубиш. Сакаше да заспие со мирна совест, викаат таа била најубава перница, и секогаш тоа ѝ успеваше, затоа што знаеше дека  нејзините мисли се чисти
и никому не посакуваше зло, честопати знаеше да рече дека секој ќе го добие  она кое му го посакува на другиот, па затоа што кармата си ги делеше даноците оставаше на неа.

„Записите за Џозефина" (63)

Ако насмевката го продолжуваше животот Џозефина ќе беше бесмртна, ако далечината беше голема, таа ја правеше малечка, ако денот беше ноќ, таа никогаш немаше да спие, неуморно талкаше по патеките кои своеволно ги избираше. Не беше сигурна каде точно патишата ќе ја одведат, но знаеше дека кога има некој до неа, некој како него, беше посилна, а и поспремна за предизвиците. Знаеше дека сè додека верува во себе не постои нешто што не може да се исполни,

а кога до тебе имаш личност која дополнитело те инспирира и те поддржува,

само небото ти е граница.

Џозефина беше навикната сѐ што ќе добие да си го добие заслужено, поинаку не смееше, а и не ни сакаше да биде. Џозефина беше како снег, прво беше ладна, ама можеше лесно да се стопи, и секогаш така кога тој ќе ја допреше, се топеше како доцен зимски снег.

Или како свеќа.

Или како сладолед на сонце.

Сеедно.

Се топеше од убавини. Не сакаше да помисли на зло, нему местото му беше подалеку од неа и од најмилите, но не сакаше да го предизвикува, да можеше да го истреби,

би го сторила тоа без секунда размислување, за никој никогаш да не знае за него, за никој никогаш да не го доживее, за никој да не го осети на своја кожа, ама да можеше. Не беше семоќна,

а некогаш толку посакуваше да биде, не беше совршена,

а никогаш не ни сакаше да биде. Не беше безгрешна, ама се трудеше да не прави грешки, не беше беспрекорна, ама токму тоа ја правеше посебна.
И беше таква.
Таква која се раѓаше само еднаш.
Еднаш и ќе ја снема. Но, дотогаш, си вети дека ќе направи нешто вредно за паметење, затоа што беше таква, тешко се заборавaше, а лесно влегуваше под кожа, тешко дека некој некогаш ќе ја заборави.
А, тој не сакаше никогаш да ја заборави.
И нема.
Затоа што ќе биде покрај неа.
Од самиот почеток, до крај. Кога заедно ќе се потсетуваат  на сите оние работи вредни за паметење.

## „Записите за Џозефина" (64)

Беше пред уште еден животен предизвик.
Ја тестирше својата трпеливост.
Ја негуваше својата љубезност.

Ја хранеше својата љубопитност.

Ја поздравуваше искреноста.

Ја возвишуваше љубовта.

Ја наводнуваше надежта.

Ја ценеше трудољубивоста.

Ја подигаше самопочитта.

Ја игнорираше дволичноста.

Ја слушаше интуицијата.

Ја обожаваше природата.

Ја љубеше музиката.

Ја почитуваше послушноста.

Ја вреднуваше одговорноста.

Ја контролираше гордоста.

Ја бранеше правдата.

Ја величеше чесноста.

Ја возвраќаше посветеноста.

Го сакаше мирот.

Мирот во цел свет.

Целиот свет ѝ беше собран во неговата прегратка.

Прегратката е дом во кој си најбезбеден.

Најбезбеден е оној кој не се плаши од ништо.

Ништо не е повеќе потребно од љубов.

Љубов – биди во сечие срце.

Сечие срце нека е исполнето со радост.

Радоста почнува од тебе.

„Записите за Џозефина“ (65)

Дождот ја накисна целата од глава до пети, косата ѝ беше измокрена,
ладна вода се цедеше од нејзините алишта, а
таа се смееше и уживаше во секоја капка чиниш
гледаш мало дете како се радува. Тоа и беше.
Девојка со детска душа, која низ шала знаеше
да каже дека никогаш нема да порасне. Или
дете со маска на возрасна девојка кое се
обидуваше да се вклопи во светот на возрасните
и да ја игра таа улога на беспрекорен начин.
Беше реална.
Во толку изопачен и нереален свет ѝ
требаше рака која ќе ја држи цврсто, збор
кој ќе биде исполнет, рамо за плачење
кога ѝ е најпотребно, а сето тоа од само
една личност.
Беше поинаква.
Во недостаток на оригиналност и копии ја
промовираше нејзината уникатност само со една

нејзина појава. Во свет на лаги и измами бескрајно ја ценеше искреноста, знаеше дека од ефтини луѓе нема да ја добие, но таа настојуваше да ги чува покрај себе оние кои беа вистински и искрени, а беа во ограничен број.

„Записите за Џозефина" (66)

Ѝ го нудеа светот, се
обидуваа да ја купат на
ефтин начин,
незнаејќи дека целиот нејзин свет
беше во неговите очи,  а тој не ја
купи туку ја заслужи подарувајќи ѝ
дел од себе.

Како сонот и јавето да си ги сменија местата па напати помислуваше дека сѐ е само сон од кој не сакаше никогаш да се разбуди. Есента беше веќе длабоко населена, а нејзе лето во душата, како душата да ѝ беше заглавена  во тропски краишта, дури и кога студот касаше надвор, нејзе сонце ѝ грееше. Неповторлива, неуништлива, непобедлива, неуморна, незапирлива, негова.

Ѝ го нудеа целото време на светот, но не знаеја дека времето застанува кога беа еден до друг. Движечка сила која ја издигнуваше и возвишуваше и ја носеше во една друга димензија која не може да се опише со ниеден збор. По среќа – сите трагаме ја препознаваше насекаде, а најмногу од сè сакаше да биде причина за нечија среќа.

„Записите за Џозефина" (67) Не се обидуваше да биде разбрана затоа што ионака луѓето го разбираа она само што им одговааше да го разберат. Не се обидуваше да импресионира никого, самата нејзина појава беше импресионирачка, затоа што не патеше за ничие внимание. Зрачејќи со позитивна енергија како зараза го ширеше своето расположение предизвикувајќи им насмевки на тие околу неа. Разбирајќи ги другите во потполност секогаш наоѓаше причина за нивните постапки, дури и за оние негативините, а тие бидуваа воодушевени од нејзината разумност.

Ја погаѓаа малограѓанштина и недозреаност, злоба, омраза, оговарање и некултура. Не можеше да се скрие во стаклено ѕвоно и да биде глува за сите неправди наоколу, но знаеше дека правдата секогаш стигнува, порано или подоцна, сеедно. Не можеш да ја повредиш колку што таа може да глуми ладна, не можеш да ја заборавиш колку што таа може да заборави дека постоиш. Не можеш да не ја сакаш, колку што таа може да се прави рамнодушна. Не можеш да ја игнорираш колку што таа може да се прави дека не ја интересираш. Не можеш да ѝ го поклониш сиот свет ако претходно не си ѝ го поклонил својот, не можеш да ја задржиш ако не покажуваш причина за да остане. Не можеш да најдеш како неа, затоа што таа не е било која, таа е Џозефина која е премногу своја.

## „Записите за Џозефина" (68)

Беше како снег ладна, ама можеше
лесно да се растопи и разнежни
ако ја земеш во прегратка. Беше како
пеперутка, леташе од место на место,
ќе ти застанеше во рака, а после тоа

одлетуваше без збогум ако не знаеш да ја зачуваш. Беше како омилена мелодија, сакаш да ја слушаш кога си среќен, нежно ти ги галеше чувствата, а кога си тажен  таа беше тука за да те развесели. Беше како солза, носеше чиста душа, ама ја бранеше од секакви зла, не дозволуваше да ѝ ја оцрнат, знаеше да биде „солена‟ бранејќи ја својата чистота. Беше како оган, за минут можеше да ти ги распламти чувствата, знаеше да те изгори и да те рани, ако не знаеш да ја скротиш, не смееш да си играш со оган. Чекореше низ деновите невраќајќи се назад, одеше кон целта во една насока на која ѝ го знаеше правецот, никој не можеше да ја запре.

## „Записите за Џозефина‟ (69)

Сонуваше како трча боса низ ливада полна со цвеќиња, трчаше напред непогледнувајќи назад допирајќи ја недопрената природа.

Прекрасен мирис се ширеше наоколу, Џозефина за момент престана да трча и

скина едно цветче, се потсети дека кога беше мала од такви цветчиња правеше накит, па после тоа гордо го носеше додека не ѝ здосади. Тогаш почна да дува силен ветар, ги разнесе сите дрвја наоколу, од цвеќињата не остана ништо, а Џозефина едвај успеваше да стои и во моментот кога силниот ветар ќе ја оддуваше и нејзе, се разбуди. Во собата доаѓаше  мирис на печени костени, зимска атмосфера владееше во секое ќоше од нејзиниот дом, на масата ја чекаше топол чај, а таа не можеше да го сокрие задоволството кое го чувствуваше предизвикувајќи ѝ насмевка на лицето.
Празници се ближат, си помисли единствениот период од годината кога сите најмили се на едно место, кога се чувствува спокој  и магична исполнетост, кога ги полниш батериите за  престојната година, кога уживаш под ќебе гледајќи некој добар филм, кога знаеш дека ќе биде подобро, знаеш дека е добро кога сите се на број, и кога си посакуваш еден тон здравје, кога знаеш дека на крај ќе

испадне онака како што си замислувала или барем приближно слично, тогаш знаеш дека си среќна.

„Записите за Џозефина" (70) Секој чекор добро ѝ беше одмерен, секој чекор ја носеше поблиску онаму каде што требаше, онаму каде што припаѓаше. Секој збор добро ѝ беше смислен, секој збор го кажуваше секој збор како што сакаше да ѝ го кажуваат. Секој ден го почнуваше со позитивна мисла, секој ден беше нов предизвик за едно подобро утре
за едно прекрасно доживување. Секоја ноќ ѝ се восхитуваше на тишината, секоја ноќ заспиваше со мирна совест, и тивко се молеше за најсаканите и тивко знаеше да заплаче. Секоја наликуваше на неа, секоја се огледуваше на неа, ама никоја не беше таа, ама никоја не можеше да биде таа. Секој понекогаш скришно ја погледнуваше секој понекогаш посакуваше да ја допре, ама таа му припаѓаше само нему, ама таа не му припаѓаше никому. Секоја ѕвезда потсетуваше на неа, секоја ѕвезда една нејзина неисполнета желба, а животот ѝ беше небо, а животот ѝ беше роман.

„Записите за Џозефина“ (71) Без глас зборуваше, премолчуваше, а сепак с**è** кажуваше. Без солзи плачеше, се насмевнуваше, а одвнатре се распарчуваше.
Растргната меѓу јавето и сонот не си го слушаше сопствениот глас, како да слушаше крик на кој не можеше да му го разбере значењето. Говореше тивко и полека додека вулканот од емоции ровареше во нејзе и готов беше да еруптира. Злите јазици не ја допираа, гледаше пред себе и за себе, затоа што на крајот таа самата на себе си беше најважна. Вдишуваше надеж, знаеше дека убави работи допрва следуваат, а таа беше спремна да ги пречека.
Слушаше несреќи се случуваа, згаснувале животи, имало повредени, слушаше неправди, голташе лаги и упорно ја величеше вистината трагајќи по неа,

правејќи се глува и слепа за сè околу неа затоа

што реши да го слави животот.

„Записите за Џозефина“ (72) Нежност.

Ќе пронајдеш во неа.

Грубост.

Можеш да ѝ разбудиш. Од твојот

однос кон неа зависи нејзиниот

став кон тебе.

Внимателност.

Ќе покаже ако ѝ покажеш и ти.

Внимание.

Не плаче по него.

Искреност.

Ќе ја добиеш ако ја дадеш.

Волја.

Ја имаше повеќе и од доволно.

Среќа.

Ја бараше во себе и во сегашниот миг.

Инспирација.

Ја наоѓаше насекаде. Сè што имаше

го чуваше егоистично, а сè што

сакаше да има знаеше дека мора да

го заслужи.

Се бореше.

Како ранет лав.

Не се откажуваше.

Никогаш.

Не знаеше за пораз.

Само за промаршена шанса.

И си даваше уште еден обид.

Секогаш постоше надеж.

И го наоѓаше длабоко во себе.

Остануваше будна.

Зошто спиеше во неговите мисли.

Беше инспирација.

Ако можеше да ја препознаеш.

Не се служеше со лага.

Но, многу добро ја препознаваше.

Нова шанса.

Беше секој ден за неа.

Дефиниција за љубов.

Тој.

Причина за среќа.

Најбезбедно место на светот.

Прегратка.

Искрена и чиста.

Силна и долга.

За да се стопиш.

За да се изгубиш во неа.

И да не посакаш ништо повеќе.

Ништо што не ти треба.

Сѐ што мислиш дека заслужуваш.

А, го заслужуваш сѐ она за кое се бориш. „Записите за Џозефина" (73) Ја разголи душата, а телото само ја пратеше, стави на тацна дел од себе и беше спремна да поднесе сѐ Ја сокри тагата во нејзините очи, а насмевката помагаше во криењето, но, очите секогаш издаваа колку и да не ѝ се допаѓаше тоа. Ја препозна среќата во неговиот поглед, а тој мораше да не го трга од неа, за да ја зачува, за нејзиниот поглед да не му припадне на друг. Ја изми својата ранливост со солта од солзите, сега веќе не беше ранлива, храброста стана нејзин адут. Ја откри планетата на животот, сокривајќи се себе од зли јазици, станувајќи и глува и нема за зло, жедна за живот во животот. Ја допре кутијата полна со знаци, наогајќи клучеви кои водеа до решенија и мистериозни загатки што чекаа да бидат одгатнати. Ја замисли својата иднина, затвори очи и се насмевна:

„трпеливо го очекувам непознатото, нека ми
донесе само среќа!"

„Записите за Џозефина“ (74) Странец во ноќта.

Крадец на туѓи погледи.

Ќе се плашиш да ја изгубиш.

Да не ти стане странец.

Зошто само на ноќта ѝ веруваше. Се одмараше душевно во нотите на тишината и вдишуваше од звукот на темнината издишувајќи спокој.

Странец во ноќта.

Не дозволувај да ѝ постанеш странец.

Кога веќе не си она што си била.

Кога веќе не си онаа истата.

Си созреала.

Затоа само на ноќта ѝ веруваш.

Таа никогаш нема да те издаде.

Странец во ноќта.

Тој ѝ завидуваше на ноќта.

Не затоа што Џозефина толку многу ја сакаше.

Затоа што само нејзе ѝ веруваше.

А, се правеше дека му верува и нему.

Сакаше да верува дека им верува на другите.

Ама пак ноќта секогаш победуваше.

Како сведок на секоја тивка мисла, како чувар на секоја солза пролеана, како слика на која можеше да си го види ликот, како заштитник што ја чуваше без да изусти збор, како желба што се исполнуваше, секоја вечер одново и одновно.
Чуваше огромен куфер полн со соништа.
Завиткана во прегратките на своите мисли си посакуваше да е покрај него, место мисли неговите раце да ја обвиваат, а ноќта тоа будно го следеше.
Ноќта ѝ должеше многу непроспиени часови, а таа упорно ѝ простуваше, и продолжуваше само нејзе да ѝ верува, зошто никој не ја разбираше подобро.

## „Записите за Џозефина“ (75)

Сонуваше како еден бел како снег гулаб ѝ слета на рамо.
Почна да се врти околу неа.
Тогаш истури силен дожд.
Гулабот летна и Џозефина го изгуби од видот.
Целата намокрена зачекори во градина со рози.
Трчаше низ цвеќињата со намокрена коса.

Одеднаш дождот престана.

Џозефина почна силно да се смее.

И тогаш се разбуди.

Силно светнат зрак влезе низ нејзиниот прозор.

Знаеше дека веќе утрото го преспала.

Знаеше и дека ова ќе биде убав ден.

Прекрасното сонце тоа ѝ го наговестуваше.

Мораше да го искористи убавото време.

Се замисли себе десет години подоцна.

Дали ќе има вакви преспани утра како денешното?

Дали ќе има со кого да ужива на сончевите денови?

Знаеше само дека времето ќе ѝ покаже.

Цврсто веруваше дека нема да биде сама.

Ќе биде некој покрај неа.

Некој кој ќе ѝ покаже дека секој ден е убав.

И дека дождливите денови знаат да бидат забавни. И дека вреди да имаш покрај тебе некој кој ја препознава твојата вредност.

За момент се сети дека долго време е занесена.

Патувањето во иднината секогаш беше долго. Но, повеќе ја ценеше сегашноста  и сакаше да биде присутна тука, но понекогаш им дозволуваше на мислите да одлутаат.

## „Записите за Џозефина" (76)

Џозефина криеше нешто во погледот.

Овоземниот живот го правеше повреден.

Злото се трудеше да не ја допира.

Едноличноста ја правеше жива.

Фаталната реалност ја прифаќаше.

Иднината не ја плашеше.

Не знаеше за откажување.

Авантурите ги прифаќаше без размислување.

Посебна беше нејзината аура.

А, кога беше покрај него Тогаш

беше најжива.

Уживајќи во заемното присуство

Вистински се посветуваа еден на друг. А,

кога не беше до неа вистина беше дека му

беше во мислите.

Обичниот ден го правеше специјален.

Сонцето како да светеше само за неа. Единствената

дамнешна желба што ја имаше замислено

Ќе ѝ се оствари порано или подоцна.

Ако ги следи своите соништа.

Велеше дека го живее својот сон.

А, никој не можеше да ѝ го одземе тоа право.

Њутновите закони станувaa неважни кога таа се движеше.

А, крадеше скришни погледи.

Така ненамерно и несвесно.

А, секогаш се правеше дека не ги забележува.

## „Записите за Џозефина“ (77)

Кога мислиш дека не можеш повеќе да ја сакаш, тогаш си го потврдуваш спротивното прашувајќи се себе од каде се собрала толку љубов во тебе. Сфаќаш дека таа ја буди во тебе покажувајќи ти колку е убав секој ден, за да му се радуваш и за да го славиш.

Дождот те потсетуваше на неа, зошто секогаш кога паѓаше посакуваше да е до тебе за заедно да го слушате неговото паѓање. Кога мислиш дека денот кога нема да ја видиш е залудно потрошен ден, знаеш дека секоја секунда помината со неа е бесценета.

## „Записите за Џозефина“ (78)

Со божествен лик
кој потсетува на некое друго време на
безвременост и вечност.
Ги црташе минутите во боја, ги обојуваше деновите,
ги замрзнуваше секундите, ги продолжуваше
часовите. Бесконечноста живееше во неа, ги
стопираше годините, Џозефина не ги броеше,
постануваше бесмртна. Кога се роди небото
плачеше, плачеа и сите кои заминуваа од неа затоа
што си одеа со помислата дека никогаш нема да ја
преболат. Плачеше и писателот кога ја опишуваше
плачеше и сликарот кога ја оживуваше на платно,
плачеше и поетот кога ја опеваше,
плачеа затоа што како неа повеќе немаше да се роди
никоја.
Па така тие ја правеа вечна, со
солзите ги мешаа боите, со
солзите ги бришеа буквите, со
солзите ги пишуваа нотите.

Чии солзи бришеше таа?

На оној кој не смееше никогаш да ја расплаче.

Чии раце ја допираа неа?

Тие кои прегрнуваа најтопло. Во чија прегратка беа цели светови, таа беше огромен универзум кој уште не беше целосно откриен, а го откриваше само еден.

## „Записите за Џозефина“ (79)

Кога не ѝ посветуваш внимание ја учиш само како да живее без тебе, така може полесно да замине и да не погледне назад. Кога ја чуваш секој ден  како да некој планира да ти ја украде таа се навикнува на заштита и чудно ѝ е кога не ја покажуваш. Кога ќе ѝ допреш до душата биди внимателен зошто таму во најдлабокото можеш да се удавиш. Кога плаче поради тебе ја потсетуваш дека покрај друг може да се смее

место солзи да лее.

Како школка се затвора во себе
кога ѝ поклонуваш тишина,
пропаѓа во својот свет заборавајќи
на вашиот. Кога ќе ја повредиш се
ранувааш сам со внатрешна рана
без преврска. О, колку е вака црно,
со надеж без надежност, со боја
без обоеност, со светло без
осветленост.
О, колку е вака безбојно,
Пролет без сонце, река без
вода, сонце без топлина.
Џозефина не престануваше да се прашува:
до кога вака?

## „Записите за Џозефина“ (80)

Продираше во најдлабокото на сите
можни начини и само таа можеше да
предизвика речиси совршена
хармонија. Никој како неа не умееше

да сокрие тага, солзи да проголта и да се
навикне на болката. Никој како неа не

знаеше да патува низ времето со својата имагинација и мисловна креација. Никој како неа не можеше да ужива во тишината, на буката да се радува и во сите битки да победува. О, Џозефино никој како тебе не умее да ме растажи ниту од среќа да ме расплаче или со збор в срце да ме расече. О, Џозефино никој како тебе не ги буди и ангелот и демонот во мене ниту детето што спие во мене и не ме сака повеќе од сам себе. О, Џозефино никој како тебе не ми ја смрзнува крвта ниту би ми ја дал својата, како јас тебе мојата. О, Џозефино никој како тебе не ме прави пожив ниту помртов кога те нема, не смее „нас" да не снема!

## „Записите за Џозефина" (81)

Лесно е да се откажеш, тешко е одново да почнеш и да продолжиш кај што си застанал. Лесно беше да ја гледаш, тешко

можеше да ја разбереш ако не ти дозволи ако не ти верува.
Од неа нема да чуеш „се откажувам‟, не го одбираше лесниот пат никогаш.
Од неа можеш да очекуваш неочекувано и непредвидливо кога најмалку се надеваш. Лесно е да судиш, тешко е да бидеш во туѓа кожа, а тоа не ни можеш, не ни сакаш. Лесно беше да живееш, тешко беше да преживуваш ако немаш сили, ако немаш средства.

И сѐ беше лесно, ако ја имаш нејзе, и сѐ беше достижно ако ја чуваш до тебе. И сѐ беше лесно, кога си жив и дишеш, а имаш за што. И сѐ беше лесно, ако веруваш и се надеваш, а имаш во и за што. И сѐ беше поврзано со неа, и денот и ноќта и помеѓу. И сѐ беше поврзано со неа, и мислите и

постапките и чувствата. И сè беше поврзано со неа, и минатото и сегашноста и иднината.

## „Записите за Џозефина“ (82)

О, Џозефино летна убавице, ти која ги огреваш туѓите денови, ти која растеруваш темни облаци, ти која сееш топлина во душите. О, Џозефино есенска кралице, ти која ги обојуваш часовите ти која ги позлатуваш разговорите, ти која танцуваш со лисјата, ти која сееш шаренило во душите. О, Џозефино зимска божице, ти која стоплуваш ладни дланки, ти која смрзнуваш здивови, ти која претвораш во лед улици, ти која стопираш снежни виулици! О, Џозефино пролетна предвесничке, ти која ја најавуваш пролетта, ти која ја бркаш зимата, ти која ги носиш цвеќињата, ти која го најавуваш летото. О, Џозефино

ти чудесен створу, во кое време и да се престориш, во кој облик и да постоиш, во чие срце и да си скриена, во себе носиш светлина.
О, Џозефино ти страдалничке
во кој вир ги лееш солзите во кој облик ги претвараш во колку болни насмевки страдаш во чии раце воскреснуваш?

## „Записите за Џозефина" (83)

Ти, која не се измори од мене, ти, која си неуморна, ти што молчиш, а погледот ти зборува, ти тивка, а најгласна песно. Ти, која се правиш ничија, ти, која си цела моја, ти што си цела своја, ти мирно, но најразбранувано море. Во ноќи без сон ти, која најмногу ми требаш, во ноќи без сон ти, што ми будиш несоница. Во ден без сонце, ти, која лик ми огреваш, во ден без сонце ти, што со насмев ме грееш. Носиш камења на гради, ти, која уриваш карпи,

носиш тага во очи, ти, што плачеш сама.
Секогаш си ти,

ти, која се смееш, ти, што
плачеш, секогаш си ти. Само
месечината знае сѐ што не си ми
кажала, само месечината знае
сѐ што си ми била. Само јас
знам што си ми, никоја што не
може да биде, само јас знам
која си, сѐ што ниедна не е.

## „Записите за Џозефина“ (84)

Како круна на нејзиниот божествен лик беа нејзината интелигенција и непокварената душа од која извираше добрина. Не дозволуваше никој да ја допре со нечисти раце и да ѝ го помати видикот, зошто чистината и бистрината ја одржуваа жива и свежа. Прозорецот полн со сништа сместен во одајата на вториот кат криеше илјадници погледи,
а погледот на Џозефина кој гледаше низ него беше насочен кон остварување

на сите соништа кои можеа да се сонуваат и замислат и смислат и раскажат и доживеат. И сите нестварни и сите стварни соништа кои еден можеше да ги сонува и да ги доживее и да ги преживее и поради нив да оживее.
Прозорецот полн со сништа сместен во одајата на вториот кат криеше илјадници приказни, а приказната која Џозефина ја раскажуваше беше неповторлива и толку убава за да биде вистинска и толку вистинска за да биде убава и мамеше насмевки и крадеше воздишки. И те тераше да пуштиш солза и да се воодушевиш и наежиш, да доживееш катарза  после нејзиното слушање.
За да посакаш и ти да ја раскажуваш, со свои зборови.

## „Записите за Џозефина" (85)

Во таа празна соба имаше еден огромен куфер, во него имаше сѐ освен алишта, во него имаше сѐ што ѝ беше потребно, во таа празна соба никој немаше да патува зошто Џозефина патуваше, а не се помрднуваше од место,

зошто патуваа и тие покрај неа поради неописливата имагинација и нејзиното живописно раскажување со кое детаљно ги опишуваше местата кои ги сонуваше или ги гледаше на слика, кои ги доживуваше како да ги посетила, кои ги обојуваше со свои тонови и ги претвораше во приказни кои многумина сакаа да ги слушаат.

Во раа празна соба имаше еден огромен куфер, во него беа збрани сите нејзини детски стравови во него беа збрани сите нејзини спомени, во него без збрани сите нејзини сеќавања зошто Џозефина тука ги спакувала, за да не ги загуби, зошто ги чуваше себично за никој да не ѝ ги земе и да не ги заборави никогаш, со нив беше посилна со нив беше пожива

со нив беше посреќна со нив беше своја со нив беше посигурна, со нив беше и дете и возрасна истовремено.

## „Записите за Џозефина" (86)

Во радоста скриена во нејзините очи

ќе ја спознаеш тагата која била присутна претходно, во моќта на нејзините зборови ќе ја препознаеш безначајноста на сѐ останато.

Во радоста во нејзините очи ќе ја спознаеш детската искреност, во моќта на нејзините зборови ќе ја препознаеш вредноста на молчењето.

Допирајќи ѝ го лицето ќе допреш цели светови, мазнејќи ѝ ги цртите ќе ги пополнеш празнините кои брчките еден ден ќе ги пополнат.

Допирајќи ѝ го лицето ѝ
допираш дел од спомените
кои се скриени во дупчињата на нејзините образи, а
ти ги оживуваш и создаваш нови.

Допирајќи ѝ го лицето ќе
допреш топлина, мазнејќи ѝ
ги цртите ќе ги наполниш
изворите со твоите сочни
бакнежи.

„Записите за Џозефина“ (87)

Нескротлив дух кој не знае за одмор, непрекината песна која нема крај, непресушен извор кој не знае за суша, непобеделив борец кој не знае за пораз.

Божествен лик со правилни црти, тело како да го вајал највештиот склуптор, бистар ум како да му припаѓа на генијалец, ѝ припаѓаше на Џозефена.

И сето тоа беше само плус,
затоа што нејзиниот дух беше поважен од телото, затоа што нејзината песна не можеше секој да ја пее, од нејзиниот извор не можеше секој да пие, со нејзините битки не можеше секој да се избори.

Нескротлив дух кој знае за нови шанси, непрекината песна, додаток на секој ден, непресушен извор на нови идеи непобедлив борец спремен за победи.

## „Записите за Џозефина“ (88)

Никој не љубеше подобро од неа, никој не
беше поупорен од неа, никој не беше
посветен повеќе од неа, никој не стоеше
на збор како неа.

Никој како неа не умееше да
сака, никој како неа не умееше
да те допре, никој како неа не
умееше да те прави жив, никој
како неа не умееше да те
насмее.

Никој немаше толку чиста душа,
никој немаше толкава сила, никој
немаше таква храброст, никој
немаше таква смелост.

Никој како неа не можеше
да те гледа, никој како неа
не можеше да те слуша,
никој како неа не можеше
да те храбри, никој како неа
не можеше да те чува.

## „Записите за Џозефина" (89)

Златен ден со бисери осветлен, со
убава мисла почнат, со насмевки
збогатен, со златни сни обоен.

Секој нејзин ден нов предизвик, со
широко отворени раце пречекан, секој
нејзин ден нова шанса, со промислена
одлука прифатена.

Секоја нејзина солза, со
негови прсти избришана секоја
нејзина насмевка со негови
усни покриена.

Секоја нејзина победа со пот и
труд заработена, секој нејзин
успех со сопствен влог
остварен.

Секој нејзин неуспех со надеж за нова
шанса проследен, секој нејзин пораз е
шанса за нов обид и нова победа.

Златен ден со бисери осветлен, со горко црно кафе почнат, со мирис на свеж воздух збогатен, со златни сни обоен.

## „Записите за Џозефина" (90)

Во собата со поглед кон море,
се криеја тајни кои само вљубените ги знаеја, се криеја воздишки и безброј страсти, макар и во замислената соба која сигурно некаде постои и ги чека нив двајца,
за тие да ја напишат нивната историја во неа, и да го насочат погледот кон морето кое сега беше мирно, а некогаш разбранувано.

Во собата со поглед кон море,
се криеја илјадници странци кои постануваа блиски, се криеја приказни од нови спомени, макар и биле болни приказните постоеја и чекаа да бидат раскажувани, за да можат да бидат слушнати и  да бидат прераскажувани од поколение на поколение.

Во собата со поглед кон море,
се криеја височини кои чекаа да бидат дофатени,

се криеја далечини кои чекаа да бидат откриени, макар и само на сон, а штом се сонуваа, можеа да бидат и јаве, за да можат да станат реалност и да бидат слатки вистини.

Во собата со поглед кон море, лежеа двајца.

Во собата со поглед кон море, се чувствуваше неопислив спокој.

## „Записите за Џозефина“ (91)

Перото со кое го пишуваше својот роман цврсто го држеше и не го пушташе, перото со кое го пишуваше својот роман беше највредното нешто што го поседуваше.

Во романот самата беше главен јунак, ама и други имаа главни улоги, но никогаш не дозволи таа да биде споредена улога.

Улогите секогаш ја предизвикуваа, ја тераа да биде посилна од што беше, ја носеа кон нови откритија,

ја бодреа да се истражува чиниш е неоткриена планета.

Неоткриено богатство се криеше во неа, а Џозефина секој ден беше се побликсу до негово целосно откритие, до пронаоѓање на нешто вредно кое живот ќе ѝ значи.

## „Записите за Џозефина" (92)

Две ружи имаше во раката.

Едната црвена, а другата црна.

Двете беа со боцки.

Ги чуваше и ги мирисаше.

Се наоѓаше во воз.

До неа имаше еден патник.

Ликот не можеше да му го види.

Патникот цело време молчеше.

Не знаеше кон каде е упатена.

Ни зошто ги држи ружите во рака.

Ни кој ќе ја чека кога ќе пристигне.

Ни кого оставила од каде што тргнала.

Знаеше дека е сама со еден рачен куфер.

Се прашуваше што ја чека.

Се прашуваше што напуштила таму некаде.

Се прашуваше што ќе открие.

Патувањето беше долго.

Траеше два дена.

Во текот на тие два дена не го откри ликот на патникот.

Носеше капа и очите не можеше да му ги види.

Ниеден збор не прозборија. Тој беше задлабочен или во книга или загледан во далечините низ прозорецот.

Ги гледаше ружите и им се чудеше.

Ни после два дена без вода не пресушија.

Не знаеше околу негата за цвеќиња.

Никогаш не ја интересирале цвеќињата.

Ниту сакаше да им дава посебна нега.

Се прашуваше уште колку долго ќе издржат без вода.

Не знаеше ни кога ќе дојде крајот на патувањето. Ѝ се чинеше како цела вечност да ја помина во тоа купе.

Ѝ се чинеше како цел живот да си го премота додека се ѕвереше низ прозорот.

Ѝ се чинеше како ништо веќе нема да биде исто.

Ѝ се чинеше дека живее некој туѓ живот.

Ѝ се чинеше сѐ лажно, нестварно и туѓо.

Ѝ беше ладно и нозете ја болеа.

Возот не запираше.

Не запре ни после два дена.

Продолжи да патува и кога таа мислеше дека ќе се симне. Но, не слезе затоа што не ѝ дозволија двајца чувари. Не ја пуштија да слезе кога беше воНоватера. Им се спротистави, но чуварите не сакаа да слушнат. Кога возот застана, со крупни чекори се затрча кон вратата. И тогаш се разбуди.

## „Записите за Џозефина“ (93)

Можеби небото знае колку е силна, ако тоа другите не можат да го видат, можеби небото знае колку е осамена, ако таа нема да го признае тоа лесно. Можеби небото знае колку е силна, ако некогаш и сама не е свесна, можеби небото знае колку е осамена ако никогаш не е сама.

Можеби небото знае колку е сакана, ако таа не го чувствува тоа доволно, можеби небото знае колкумина ја посакуваат ако таа сака да ја посакува само еден. Можеби небото знае колку е несреќна, ако никој не би го помислил тоа, можеби небото знае колку таа ужива во тагата ако никој не знае дека таа ѝ е вечна инспирација. Можеби небото знае колку е смела, ако не се познава на прв поглед, можеби

небото знае за сите нејзини подвизи ако никому
досега не ги раскажала.

## „Записите за Џозефина“ (94)

Утрото носи со себе нови шанси. Ноќта
што видела,
утрото може само да претпоставува, на што
била сведок ноќта утрото никогаш не може
да биде. Утрото носи со себе каења, а ноќта
е сведок на тоа што претходело, утрото
било попаметно од ноќта, затоа и се кае.
Џозефина не можеше да се одлучи  кое од
овие повеќе го сакаше.
Двете имаа свои посебности во кои знаеше да ужива.
И двете имаа тишина, подеднаква, но сепак различна.
Утринската тишина беше позрела, додека ноќната беше
дива и понекогаш болна. Утринската тишина беше
ветувачка, додека ноќната те тераше на сомнеж.
Утринската тишина беше брзо исполнета со мирис на
кафе,
додека ноќната со воздишки и мирис на испотена кожа.
Утринската тишина носеше со себе ноќни спомени, а
ноќната тишина ги правеше спомените.

И секогаш во ноќите пред да склопиш очи, заблагодари се тивко за денот што изминал и биди спремен да го дочекаш новото утро.

## „Записите за Џозефина“ (95)

На радио одеше нејзината омилена песна.
Го зголеми тонот најмногу што можеше.
Почна да пее како никој да не можеше да ја слушне.
Телото ѝ се движеше во ритамот на нотите, не се грижеше дали некој ја гледа.
Повторно ја почувствува детската леснотија.
Се чувствуваше жива и олесната.
Се наполни со позитивна енергија.
Се испразни како секогаш кога ќе завршеше со пеење.
Можеби не пееше најубаво на свет, можеби немаше ни талент за пеење, ама таа обожаваше да пее небаре го поседува најмоќниот глас на светот!
Тоа ја правеше енергична и омилена.
Свесна за несовршеноста и уште ја негуваше.
Не се плашеше да се соочи со мааните и да ги покаже.
Пееше, а знаеше дека можеби и не звучи совршено добро,

играше, а не беше сигурна како точно изгледа, пееeше и уживаше тоа да го прави, играше и никогаш немаше да престане да игра.

„Записите за Џозефина‟ (96)

Не ѝ беше потребна шминка за да изгледа убаво,
потребна ѝ беше само добра волја и жед за љубов
како и жед за љубов кон животот.
Со тие две работи можеше карпи да поместува.
И беше семоќна во тој поглед.
Во нејзиното битие толку љубов беше збрана, што
и за два живота ќе ѝ беше доволна. Во
претходниот живот сигурно била божица на
љубовта,
и се шегуваше дека требало да ја крстат Афродита, но
името Џозефина совршено одговараше на нејзиниот
карактер,
„пораст‟ значеше, а се вклопуваше и во приказната за
порастот на љубовта
и за секој нејзин чекор кој придонесуваше за пораст на
нејзиното битие на еден позитивен и подуховен начин.
Среќни беа тие што ја познаваа вистинската Џозефина,
иако таа секаде беше иста,
среќни беа тие што ја имаа во нивните животи, иако таа
беше дел од сечиј живот.

## „Записите за Џозефина“ (97)

Среќен е тој што ѝ го прати чекорот и
неговиот чекор е следен од нејзиниот,
среќен е тој што ѝ го чува грбот и што ги
вади ножевите од него.

Нема посреќна девојка од неа,
истовремено и потажна, нема
посилна девојка од неа,
истовремено и најслаба.

Среќен е тој што ги бакнува нејзините усни и
знае за нивниот вкус, среќен е тој што ја гледа
како спие и ја заспива со насмевка.

Нема никоја како неа, и
како неа никоја, нити ќе
живее, нити ќе умре.

## „Записите за Џозефина“ (98)

Надежта за подобро утро секогаш ѝ спиеше на рамо, желбата за посреќна иднина никогаш нема да ѝ згасне, а таа секој ден се трудеше утрото да ѝ биде подобро од претходното и иднината да си ја направи посветла.

Никогаш не знаеш што те чека во потполност, ама знаеш ти што чекаш и што би требало да те чека во меѓувреме додека се бориш со неизвесноста и се справуваш со незнаењето.

Надежта за помирен свет и живот без болести и злоба не ја напушташе,
желбата за чиста и здрава околина ја имаше од мали нозе, а таа секој ден се обидуваше да придонесе за поздрав свет и почиста и поздрава околина.

Не беше светец ниту Господ, но беше доволно
голем човек и пред сѐ обичен смртник за да може
да посака нешто спротивно од ова.

Собери ги сите насмевки на светот
помножи ги со шесттоцифрени бројки
додади ги најубавите желби и подели им
ги на најтажните.

„Записите за Џозефина" (99)

Ова длабоко го посакуваше. Сакаше да не постојат тажни погледи, солзи, болка и крвопролевање. Мислеше дека со нејзината „мисија" за откоренување на тагата ќе се решат сите проблеми што постојат и што можат да се замислат. Собери ги сите злодела, помножи ги со сите загубени битки, додади ги сите пролеани солзи и поништи ги, да не се повторат. Собери ги сите песни на светов, помножи ги со најубавите ноти, додади ги најубавите музички инструменти и пуштија омилената музика низ цел свет. Ако насмевките се бесплатни, ако песните може да ги пее секој, тогаш нека има повеќе од нив, тогаш нека се шират и множат насекаде.
Доста ѝ беше од тажни погледи

доста ѝ беше од солзи и крв, ѝ беше
смачено од злодела и зло, а што
можеше сама?

## „Записите за Џозефина" (100)

Сто причини за да ја сакаш, ниту една да се збогуваш со неа. Сто денови ти требаа за да сфатиш дека не можеш без неа. Сто минути за да ја запознаеш, ниту една да се покаеш што ја знаеш. Сто секунди за да ѝ покажеш колку ти значи, а ти го правиш тоа со само еден бакнеж.
Сто причини за да ја чуваш,
ниту една шанса да не му дадеш некому да ти ја украде.
Сто денови за да ја освоиш, а уште плус илјада и сто за да ја задржиш. Сто минути за да ги поминеш покрај неа ниту една не би посакал без неа. Сто секунди за да ја насмееш, а ти го правиш тоа со самата појава. Сто причини за да ја сакаш, ниту една за да можеш да ја заборавиш. Сто причини за да продолжам да пишувам, ниту една која ќе те натера да не продолжиш да читаш,

зошто се работи за Џозефина,а а за неа и илјада и сто и еден запис се сосема малку.

## „Записите за Џозефина" (101)

Секој завршеток е почеток на нешто ново, а
овој запис за Џозефина
е вовед во едно ново поглавје од нејзиниот живот во кој
сакаш да бидеш присутен.
Низ играта на зборови се запозна со девојката чиј
живот го доживеа преку моето раскажување, низ
играта на зборови ја запозна Џозефина чие
постоење е вистинско или можеби не. Низ играта на
зборови пловеше низ фантазија и реалност
испреплетена со имагинација, но и креација на еден
ум кој е неуморен и кој сака да создава. Џозефина е
сѐ само обична не, дел од твоето секојдневие сакал
или не, можеби можеш да ја сретнеш на улица или
во книга,
можеби ќе ја препознаеш во сестра ти или
некој нејзин дел,
можеби ќе ја препознаеш во сцена во филм,
можеби ќе се вљубиш во неа, но никогаш нема
да ја заборавиш.

# СОДРЖИНА

ЗАПИСИТЕ ЗА ЏОЗЕФИНА ........................................3

„Записите за Џозефина“ (1) ........................................4

„Записите за Џозефина“ (2) ........................................5

„Записите за Џозефина“ (3) ........................................7

„Записите за Џозефина“ (4) ........................................9

„Записите за Џозефина“ (5) ........................................12

„Записите за Џозефина“ (6) ........................................14

„Записите за Џозефина“ (7) ........................................16

„Записите за Џозефина“ (8) ........................................18

„Записите за Џозефина“ (9) ........................................19

„Записите за Џозефина“ (10)........................................21

„Записите за Џозефина“ (11)........................................22

„Записите за Џозефина“ (12)........................................23

„Записите за Џозефина“ (13)........................................24

„Записите за Џозефина“ (14)........................................25

„Записите за Џозефина“ (15)........................................26

„Записите за Џозефина“ (16)........................................27

„Записите за Џозефина“ (17)........................................28

„Записите за Џозефина“ (18) .................................. 30

„Записите за Џозефина“ (19) .................................. 32

Записите за Џозефина (20) ..................................... 20

Записите за Џозефина (21) ..................................... 20

Записите на Џозефина (22) ..................................... 21

„Записите за Џозефина“ (23) .................................. 22

„Записите за Џозефина“ (27) .................................. 27

„Записите за Џозефина“ (30) .................................. 30

„Записите за Џозефина“ (33) .................................. 35

„Записите за Џозефина“ (35) .................................. 38

„Записите за Џозефина“ (36) .................................. 39

„Записите за Џозефина“ (38) .................................. 43

„Записите за Џозефина“ (45) .................................. 51

„Записите за Џозефина“ (47) .................................. 54

„Записите за Џозефина“ (50) .................................. 57

„Записите за Џозефина“ (53) .................................. 63

„Записите за Џозефина“ (54) .................................. 64

„Записите за Џозефина“ (56) .................................. 66

„Записите за Џозефина“ (58) .................................. 69

„Записите за Џозефина“ (60) .................................... 73
„Записите за Џозефина“ (61) .................................... 73
„Записите за Џозефина“ (63) .................................... 77
„Записите за Џозефина“ (64) .................................... 79
„Записите за Џозефина“ (65) .................................... 81
„Записите за Џозефина“ (66) .................................... 82
„Записите за Џозефина“ (75) .................................... 93
„Записите за Џозефина“ (76) .................................... 95
„Записите за Џозефина“ (77) .................................... 96
„Записите за Џозефина“ (78) .................................... 97
„Записите за Џозефина“ (79) .................................... 98
„Записите за Џозефина“ (80) .................................... 99
„Записите за Џозефина“ (81) .................................. 100
„Записите за Џозефина“ (82) .................................. 102
„Записите за Џозефина“ (83) .................................. 103
„Записите за Џозефина“ (84) .................................. 104
„Записите за Џозефина“ (85) .................................. 105
„Записите за Џозефина“ (86) .................................. 106
„Записите за Џозефина“ (87) .................................. 108

„Записите за Џозефина“ (88) .................................. 109
„Записите за Џозефина“ (89) .................................. 110
„Записите за Џозефина“ (90) .................................. 111
„Записите за Џозефина“ (91) .................................. 112
„Записите за Џозефина“ (93) .................................. 115
„Записите за Џозефина“ (94) .................................. 116
„Записите за Џозефина“ (95) .................................. 117
„Записите за Џозефина“ (100) ................................ 100
„Записите за Џозефина“ (101) ................................ 102